**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Единаесеттото продложение на Сто и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 јули 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,01 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија .

**Љупчо Јордановски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата. Продолжуваме со работа.

Пратениците: Ванчо Георгиев, Ацо Спасовски, Неждет Мустафа, Рафет Муминовиќ, Зоран Крстевски, Аднан Ќахил, Ванчо Стаменков, Абдуладi Вејсели, Исмет Рамадани, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Ганка Самоиловска Цветанова, Љубисав Иванов - Ѕинго, Али Ахмети, Семијал Хасани, Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Нелко Стојановски и Љубчо Георгиевски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со работа по 101 седница на Собранието на Република Македонија, сеуште сме на **16-тата точка - Предлог за донесување на закон за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија со Предлог на закон.**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Господине Балковски имате збор.

**Љупчо Балковски:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, претставник на Владата.

Еве веќе десеттина и повеќе денови дискутираме по Предлог законот за донесување на закон за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија и се чини дека сеуште нема решение затоа што навистина со овој закон ќе се направи голем проблем во Република Македонија, а не дека ќе се донесе некое решение затоа што се предлага закон кој што ќе биде за знамињата на заедниците во Република Македонија.

Јас и по Предлог амандманите кога се усвојуваа односно не се усвојуваа со овој закон кажав дека место закон за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија може да ни се случи и ќе ни се случи и тоа може уште денеска да се донесе закон каде што нема да се употребува македонското знаме. Зошто го кажувам ова. Од едноставна причина затоа што сите членови 12 односно 13 во овој закон се на каков начин да се избегнува употребата на македонското државно знаме, а не како да се употребува знамето на заедниците во Република Македонија. Значи, почнувајќи од член 1 до член 13 со сите амандмани што не се усвоија без разлика што Владата поднесе два амандмана, меѓутоа секој член од овој закон е всушност на каков начин да се избегне употребата на македонското знаме, а тоа да биде со закон и од друга страна, на каков начин може и секаде каде тоа е можно да се употребува знамето на заедниците во Република Македонија, меѓутоа, секогаш кога ќе се каже знаме на заедниците во Република Македонија се мисли и тоа ќе биде пракса веднаш штом ќе се донесе овој Предлог закон, дека ќе се употребува знаме на туѓа држава.

Воопшто немаше потреба и од овие 13 члена на овој закон ако на некој начин се направеа неколку члена и во тие неколку члена се објаснеше на каков начин ќе се употребува знамето на заедниците заедно со знамето на Република Македонија. Меѓутоа, бидејќи идеата е сосема друга за овој Предлог закон за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија, тоа е веење знаме на туѓа држава во Република Македонија, тогаш и овие 13 члена сигурно се допишувани за да колку толку има некој закон кој што има повеше од десет члена. Инаку, ако ги разгледуваме сите 13 члена ќе се види дека сепак овие членови се напишани само поради број на членови, а суштината е иста како од една страна да се вее знаме на туѓа држава, а со овој закон како да се избегне веењето знаме на Република Македонија во единиците на локалната самоуправа каде што мнозинството се од заедниците.

Ако во член 1 од овој закон се утврдува дека со овој закон се уредува правото и начинот на употреба на знамињата преку кои заедниците во Република Македонија го изразуваат својот идентитет и особеностите зошто овој член понатаму воопшто во ниту еден друг член до член 13 не се користи и е напишан само ради реда како општа одредба од член 1.

Затоа што во член 2 каде што се кажува дека под знаме се подразбира знаме што заедниците го избрале и го употребуваат како знаме за изразување на својот идентитет и особености не се прифати ниеден од амандманите на член 2 каде што се кажуваше дека тоа треба да биде различно знаме од друга држава. Значи, ако веќе ние со намера за донесување закон за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија и со член 1 од овој закон сме го утврдиле правото и начинот на употребата на знамињата преку кои заедниците на Република Македонија ќе го изразат својот идентитет и особености, зошто во член 2 не се стави дека тоа ќе биде знаме различно од туѓа држава. Ако веќе одиме дека немаме воопшто ништо против заедниците во Република Македонија да употребуваат знамиња, меѓутоа сепак ако се кажа од една политичка партија дека треба да се има разбирање за нивните предлози, зошто тоа разбирање не е содржано во Предлог законот што го предлага Владата и зошто Владата на Република Македонија и ние како Собрание не го заштитиме државното знаме на Република Македонија во овие институции што припаѓаме и како Влада и како Парламент и со еден амандман да се имаше разбирање од другата страна за нас, зборувам сега како македонски пратеници и

со еден амандман односно во членот 2 да претрпеше измена и да се кажеа само три зборови, знамето да е различно од друга држава.

На тој начин навистина и членот 1, меѓутоа и целиот предлог закон за знамињата на заедниците во Република Македонија ќе беше дека заедниците навистина ќе треба да ги употребуваат знамињата кои ќе го изразуваат својот идентитет и особености. Вака, со неприфаќање на тој амандман, меѓутоа, од друга страна и со други членови што се содржани во овој закон е само на каков начин ќе се употребува знаме на туѓа држава и тоа се да биде во некое законско решение.

Членот 3 веднаш кажува ако членот 1 го изразува навистина правото и начинот на употреба на заедниците, членот 3 веќе кажува дека заедниците во Република Македонија ќе го употребуваат знамето во јавниот, службениот, приватниот живот на начин утврден со овој закон.

Во член 4 се кажува дека во единиците на локалната самоуправа во која живеат граѓани и припадници на заедницата пред и во објектите на органите во единиците на локалната самоуправа постојано се истакнати знамето на Република Македонија и знамето на таа заедница. Меѓутоа ова е употребата на знамињата во јавниот и службениот живот за да потоа во член 7 каде што ќе биде употребата на знамињата на заедниците во приватниот живот се кажува дека припадниците на заедниците имаат право да го истакнуваат знамето и да го употребуваат во приватниот живот и при одржување на сите други приредби што ги организираат припадниците на заедниците во Република Македонија. Поточно објаснување на овој член е секаде каде што сакаат и во секое време кога сакаат.

Со овој закон почитувани пратеници ќе се донесе навистина закон каде што нема да се поставува државното знаме. И за тоа ќе бидеме сведоци многу брзо, веднаш кога ќе се усвои овој закон.

Инаку, кое е објаснувањето дека во член 5 каде се кажува дека пред знамето на заедниците ќе се употребува и пред и во објектите на државните органи, на јавните служби, правните лица основани од државата, потоа јавните служби и правните лица основани од единицата на локалната самоуправа и сега, гледајте, "на сите улици и плоштади и други инфраструктурни објекти". Затоа кажав секаде каде што сакаат и секаде кога сакаат. Можеше и на таков начин овој член 5 да биде направен и автоматски немаше воопшто зошто да постојат сите други членови до член 13. Со два члена можеше да биде овој закон, ако веќе требало Владата и Собранието да имаат разбирање, ако веќе немало друго објаснување, туку да има разбирање за идентитетот и особеностите на заедниците зошто да се вее знаме на туѓа држава. Кое е образложението. И воопшто како образложение на овој закон на целиот овој закон каде што се кажуваат член по член воопшто нема потреба од вакво образложение, образложението се кажа овде, во овие некоку дена колку што разговараме се каже дека мора да имаме разбирање дека идентитетот на заедницата, а од друга страна таа заедница одбрала туѓо државно знаме на друга држава.

Зошто ако во член 4 се кажува дека пред и во објектите на органите на единиците на локалната самоуправа постојано ќе биде истакнато знамето на таа заедница зошто веднаш во член 5 се кажува и пред и во објектите на државните органи, значи од член 4, меѓутоа јавните служби и правните лица основани во државата. Замислите во единиците на локална самоуправа односно во општините почнувајќи од Тетово до Струга колку јавни служби и правни лица основани од државата има, на сите тие места пред и во објектите ќе биде истакнато знаме на туѓа држава.

Потоа, јавните служби и правните лица што се основани на единицата на локалната самоуправа, значи во општините од Тетово до Струга во сите јавни служби и правни лица основани од единиците ќе се вее знаме на туѓа држава и уште на улиците, плоштадите и други инфраструктурни објекти. Значи, не е доволно само на улиците и плоштадите туку уште и на сите инфраструктурни објекти, секаде каде што ќе каже општината таму ќе се вее знаме на туѓа држава и јас тоа го посочив со пример, еве и сега ќе го кажам, ако е веќе и во закон напишано во член 5 и на други инфраструктурни објекти, значи знаме ќе се вее на туѓа држава веднаш на почетокот на Скопје на мостот во Сарај, веднаш на другиот влез од Скопје кога доаѓаме во Автокоманда, веќе тука сепак, како општина Арачиново може да се вее знаме кај инфраструктурен објект односно кај автопатот при влезот на Скопје, значи од двете страни на влезовите на Скопје нас ќе ни се вее знаме на туѓа држава. Знаме на нашата држава на тие објекти нема затоа што и сега нема, а комоли тогаш. Ако ние како држава сакаме нашето знаме државно да се вее можеме и сега да го ставиме, а нас ни се случува да немаме заради овој закон, јас сепак ќе кажам заради овој закон и другите што ќе следат ние немаме патоказна табла дека влегуваме во градот Скопје, а камо ли да имаме знаме македонско, државно дека влегуваме во градот Скопје, во главниот град, а сега ќе имаме на инфраструктурен објект законски според член 5 од Законот за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија знаме од туѓа држава во главниот град на влезот. И од едниот влез од автопат, и од другиот влез со автопат. И, затоа е ова напишано. Зошто не беше доволно да бидат и улиците и плоштадите туку и други инфраструктурни објекти. Каде што сакаат.

Понатаму ќе продолжиме од Скопје кон Тетово, пред влезот во Тетово на наплатна рампа ќе се вее знаме на туѓа држава, законски, вие не можете ни да го казните по тоа. Како ќе го казните кога имаме член 10 казна од 50 до 300 илјади денари. Ќе ја платат еднаш и тоа ќе ја платат во општината, во локалната самоуправа,

сами на себе ќе си платат и ќе го веат знамето на туѓа држава.

Со овој закон, бидејќи ние само претпоставуваме, знаеме дека е кажано и затоа овој закон се носи дека ќе се вее знаме на туѓа држава. Може да се вее било кое знаме кое што ќе одлучи општината. Било кое знаме, бидејќи ние незнеме кое знаме ќе биде знамето на заедницата на локална самоуправа. Значи, ако сака локалната самоуправа било кое знаме, било какво знаме, меѓутоа било кое знаме од сите држави во светот може да се веат во Република Македонија , само државното знаме нема да се вее во Република Македонија , со овој закон.

Затоа јас кажав дека овој закон не е закон за употреба на знамињата како што гласи, затоа што ако е вака како што е насловот би требало да е во ред, меѓутоа, членовите не се такви во овој закон. Овој закон е всушност закон како да не се вее знамето на Република Македонија во сопствената држава во единиците каде што мнозинството се од заедниците во Република Македонија.

Како можеме да го објасниме исто во член 5 дека освен што е во право ако не е знаме на туѓа држава, дека во денови на државни и други празници во Република Македонија утврдени со закон, и тоа е во ред, меѓутоа гледајте на каков начин се оди после во другите објаснувања за да се употреби ова дека и во објектите и во правните лица основани од државата и во јавните служби, на улици, плоштади и други инфраструктурни објекти, во денови на празници на заедниците, во денови на општински и други празници. Сега, имаме државни празници, имаме и други празници во Република Македонија, потоа имаме празници на заедниците, потоа имаме празници на општините, меѓутоа имаме и други празници утврдени со одлука. Кои се тие празници.

Ако носиме закон, ако кажуваме дека имаме државни празници, ако имаме празници на заедниците, имаме празници на општината и уште додаваме овде секој ден да е празник, и други празници утврдени со одлука на Советот. Може Советот со една одлука да донесе дека сите денови ги прогласуваат за празници и законски пак да ни се вее знаме на туѓа држава секој ден на секое место. Освен тоа имаме и пречек и испраќање на претседател на Република Македонија, претседателот и членови на Владата на Република Македонија.

Јас навистина не знам зошто овде не се постави и претседателот на Собранието, меѓутоа, и членовите на Владата на Република Македонија.

Пак со пример да го поткрепам ова дека не е добро ова решение, ќе кажам што се случува кога имаме министер од општина каде мнозинството е од заедницата, значи секој ден, додека е тој министер, ќе се вее знаме затоа што тој престојува во таа општина. И така ќе биде.

При официјално доаѓање на претседател или премиер на странска држава, како и претставници на Меѓународната заедница. И тука ќе употребам пример за градот Струга затоа што како држава сепак во еден период од годината навистина е добро што се примаат претседатели или премиери на странски држави во Струга и во Охрид, меѓутоа во Струга ќе имаме пример претседател на странска држава се поклонува пред две знамиња, тоа ќе биде знамето на нашата држава и знамето на туѓа држава и плус уште едно знаме на државата од каде што тој доаѓа.

Карактеристичен пример за тоа е кога во Струга ќе имаме пречек на албанска делегација, тогаш ќе имаме две албански знамиња и едно македонско. Бидете сигурни дека други, ако е поголема делегацијата, држави не ќе знаат во која држава се присутни. Нема можност ни да се знае и ако се сака затоа што како ќе се знае дека се присуствува во држава Република Македонија затоа што на официјален пречек, на официјална средба ние ќе имаме едно наше државно македонско знаме, меѓутоа, две идентични, исти албански знамиња. Како тоа ќе го решиме? Ова е практичен пример и нормално е да биде така затоа што ние сакаме да ни доаѓаат делегации посебно од соседите, меѓутоа, ќе се доведеме до збунувачка ситуација, а ќе ги доведеме и сите други. Пред општината каде што ќе дојде албанската делегација, пред општината, во општината, како официјален пречек ќе има едно македонско знаме после знамето на заедницата, тоа ќе биде албанското државно знаме и плус знамето од делегацијата што ќе дојде, пак албанско знаме. Тоа на начин утврдено, ние во членот 8 утврдуваме како ќе стои знамето, од која страна, но без разлика како ќе стои ќе се знае дека едно е државно знаме и две албански знамиња во тој период. Потоа кога ќе си оди албанската делегација ќе си остане пак знамето на Република Македонија и знамето на Албанија. Меѓутоа, ова е карактеристичен пример и ќе биде многу збунувачко поготово што може општината да донесе одлука, внимавајте, општината може да донесе одлука дека албанска делегација во чест и што треба да биде, да се нарпави поголема чест ако дојде претседателот или премиерот од Албанија во градот Струга и на сите други овбјекти на државните органи, јавни служби основани од државата во членот 5, го читам, правните лица основани од единиците на локална самоуправа, на улиците, плоштадите и други инфраструктурни објекти, значи секаде, ќе имаме македонско знаме на секоја светилка, на секој објект во Струга при дочек на албанска делегација ќе има едно македонско знаме и две албански знамиња. Затоа што тоа е решено, согласно член 5, од овој закон.

Понатаму, во членот 6 се кажува дека знамето на заедницата ќе се употребува и при меѓународни средби, натпревари и други собири. Се кажуваат политички, научни, културно-уметнички, спортски и други. Значи, не е доволно политичките, научните, културно-уметничките, спортските, туку пак оставаме простор и други, значи секаде и

секогаш, на кои единицата на локалната самоуправа е организатор, учествува или е презентирана.

Понатаму, сега не е доволно и други собири, туку кажуваме плус при прослави и свечености и пак и други политички, културни, спортски и слични манифестации, сега веќе двапати го кажуваме зборот "други", веќе не можеме да измислиме на кое место и на каков начин ќе се употребува знамето на туѓа држава и го употребуваме зборот и слични манифестации, значи секој што ќе помисли дека е манифестација ќе го псотави знамето, кои се од значење на единицата на локалната самоуправ. Тоа истовремено ќе се поставуваат и пред и во објектите во кои се одржуваат тие средби.

Во членот 7 од овој закон се кажува дека припадниците на заедниците во Република Македонија знамето ќе имаат право да го употребуваат и во приватниот живот и при други приредби, сега како прослави, како средби и свечености, сето тоа го поминавме, сега го употребуваме и други приредби. Сега, свечености ни беа малку и прослави, сега и приредби употребуваме што ги организираат припадниците на заедниците. Сето ова би било во ред да е знаме на заедницата во Република Македонија, а да не е знаме на туѓа држава, без разлика што објаснувањата се дека тоа би било национално знаме, дека треба да имаме разбирање, без разлика, тргнете ги на страна сите тие објаснувања, помислете на овие примери што ви ги кажувам за градот Струга или за другите општини во Република Македонија, меѓутоа, многу карактеристичен ќе биде градот Струга.

Еве ќе ви кажам и друг пример. По усвојувањето на овој закон во Струга, бидејќи уште не се знае дали Министерството за правда или локалната самоуправа ќе ги дели концесиите на плажите во општината, на секоја плажа во Струга ако се добие концесија, без разлика кој ќе ја даде дали Министерството или локалната самоуправа, на секоја плажа во Струга ќе се вее знаме на туѓа држава, затоа што ја имаат добиено концесијата, ќе го постават знамето законски и ние ништо не ќе можеме да направиме.

Во членот 8, што воопшто немаше потреба да постои, се прави едно воопшто непотребно изигрување како ќе стојат знамињата и начинот на истакнување на знамињата затоа што ова е само во законот инаку ќе видите секаде, откако ќе се донесе овој закон, овој член 8 воопштонема да се користи ниту да се применува затоа што во другите членови всушност го укинуваат членот 8 кој кажува дека начинот на истакнување на знамето е следен:

Кога знамето на Република Македонија е истакнато заедно со знамето на заедницата и знамето на единицата на локалната самоуправа, знамето на Република Македонија се истакнува во средината додека знамето на заедницата е два метри десно, гледано од напред, а знамето на единицата на локалната самоуправа е два метри лево од државното знаме. Значи, едно објаснување воопшто непотребно само од необјасниви работи, едноставно на некој начин непотребни, поготово кога се кажува кога знамето на Република Македонија е истакнато заедно со знамето на заедницата, знамето е на десно гледано од напред до знамето на Република Македонија. Кога се истакнати повеќе од три знамиња, знамето на Република Македонија ќе биде прво во редот и еве го ова сега како што ви го објаснив, знамето од Република Македонија ќе биде прво, знамето од заедницата ќе биде второ туѓо, знамето од албанската делегација како пример кога ќе дојде во Република Македонија ќе биде трето. Значи и законски го имате решено.

Понатаму, воопшто непотребно, воопшто непотребно со вакви членови, член 10, член 11 и член 12 каде се кажуваат казнени одредби, навистина ќе беше подобро да не се напишат овие казнани одредби и овие членови отколку да се напишани вака, затоа што сепак ние сме држава која на некој начин води сметка и за својот идентитет и суверенитет. Ако се претставува еден од условите, а тоа е истакнување на државното знаме на Република Македонија, не може со парична казна, почитувани пратеници и претставник на Владата, не може со парична казна од 50 до 300 илјади денари дека ќе се казни некој што не го поставува државното знаме или кое постапува спротивно од одредбите од членот 4 и 5 на овој закон. Каква е таа казна од 50 до 300 илјади денари, а се работи за знаме кое еве, ако е знаме на заедниците во Република Македонија се кажува дека треба да се има разбирање, дека согласно член 1 од овој закон дека тоа го изразува идентитетот и особеностите на Република Македонија, се мораме ние како Македонци тоа да го истрпиме, меѓутоа, ако тоа не биде така и ако не се вее знамето на Република Македонија во сопствената држава, тоа заедниците ќе го платат со една парична казна, прекршочна од 50 до 300 илајди денари. Зошто ги пишувавте овие работи, навистина се прашувам, дали воопшто имаше потреба или има потреба од 50 до 300 илајди денари да се казни некој што нема да го почитува законот и што нема да го поставува знамето на Република Македонија заедно со знамето на заедницата. Немојте такви работи да се прават, ние сами и како Парламент и како Влада нема да го почитуваме овој закон. Зошто вакви работи? Или не ги пишувајте воопшто. Со парична казна од 20 илјади денари до 150 илјади денари ќе се казни за прекршок правно лице кое постапува спротивно на одредбите од член 8, а член 8 еве да ви го прочитам, сите овие работи што ги кажав од членот 5, значи во објектите на државните органи, јавни служби, правни лица основани од државата, јавни служби и правни лица основани од единицата на локалната самоуправа, на улиците, плоштадите и други инфраструктурни објекти, значи таму секаде ако не биде поставено македонското знаме, ќе се казни со парична казна од 20 илјади денари. Тој

101-11/4.-

ќе плати 20 илјади денари и цела Струга ќе биде со албански знамиња. Никој нема да одговара. Тој ќе плати казна од 20 илјади денари, зошто да не плати некое јавно комунално претпријатие од Струга или од сите други места почнувајќи од Тетово до Струга зошто да не плати казна ако сака да му се вее само едно знаме. На овој начин вие можете да напишете кој не сака да го вее знамето на Република Македонија ќе плати казна од 20 илјади денари. Сите ќе си платеа и ќе си го веат знамето кое сакаат. Јас кажав овој закон е всушност закон како да не се употребува знамето на Република Македонија. Тоа го кажуваме само со два члена. Знамето на Република Македонија во Република Македонија може да не се вее ако се платат 20 илјади денари и може да се стави знаме на туѓа држава и така ќе биде почитувани пратеници, претставник на Владата, во сите места каде што општината, локалната самоуправа, партиите, дури и началниците на службите и директорите на јавните претпријатија утврдат дека не сакаат да се вее знамето на државата, ќе се вее само знамето на заедницата, а за тоа ќе палтат 20 илајди денари. 20 илјади денари ќе платат на општината значи сами на себе, значи и тоа да е законски затоа што ќе се реагира, ќе се каже зошто, ќе реагираат и ние како Парламент, како Влада, како стручни служби надлежни за почитување на законите, ќе сереагира, ќе се дојде таму, овој ќе плати казна, директорот на јавното претпријатие градско или државно казна од 20 илјади денари и тој ја завршил работата и пред неговата канцеларија, пред неговата јавна служба, на сите инфраструктурни објекти и плоштади и улици ќе се вее само знаме на една држава затоа што тоа го дозволува овој закон односно овие членови 10, 11 и 12 од овој закон. Што ние уште разговараме дали нешто се прифатило или дали на некој начин како го заштитуваме знамето на Република Македонија.

Ние воопшто сите овие денови, видете, многу малку имаше дискутанти овде од пратеничката група и партија на ДУИ. Ние цело време овде разговаравме помеѓу македонските партии на каков начин да го заштитиме македонското знаме. Ние овде не разговаравме за употребата на знамињата на заедниците во Република Македонија.Тоа се кажа со член 2 и понатаму од член 3 сите македонски партии мислевме, размислувавме, меѓутоа, не се прифатија никакви амандмани и сите македонски партии од членот 3, веќе кога не се усвои амандманот на член 2, од членот 3 до членот 13 едноставно размислувавме како да го заштитиме македонското знаме, Воопшто не стана збор дали ќе се вее знамето на туѓа држава, затоа што веќе со членот 2 тоа е дефинирано и ако мислевме дека воопшто нема потреба од сите овие членови, овој закон требаше да има само два члена однсоно од третиот до тринаесеттиот дека овој закон влегува во сила со денот на објавувањето, а тој од првиот ден ќе биде значи од денеска, ако не се веат уште и сега. И 13 члена на овој закон се многу, со членот 2 требаше да заврши овој закон и ќе се оставеше можност,како што е сега законски, меѓутоа, и каде и кога сакаат и на кои места сакаат да се вее знаме на друга држава, затоа што друго објаснување нема. Објаснувањето од член 3 до член 11 е само од едната страна кога ќе се чита од страна на заедниците ќе се чита на каков начин да не се употребува државното знаме, а македонската страна овој закон ќе го чита од член 3 до член 13 како да се заштити и да се вее евентуално, зборувам, македонското знаме кога во општините каде мнозинство се заедниците. Друго објаснување нема. Не е објаснување ако се каже имајте разбирање за нашите потреби, а од друга страна воопшто да нема почитување, ако има разбирање од македонската страна, од другата страна воопшто нема почитување за државното знаме на Република Македонија.

Ние предложивме многу предлози, но ни еден од тие предлози не се усвои и сега се доведуваме во ситуација овој Предлог закон, ако се усвои на ваков начин, а ќе се усвои, затоа што ова е веше завршена работа и вооднос на амандмани и на членови, евентуално може да се случи само да не се изгласа, меѓутоа и тоа ќе биде ако не денес некој друг ден, но сепак кажувам дека овој закон ќе биде многу потежок за примена, многу потежок за однесвување на македонските партии и на Македонците во единиците на локалната самоуправа каде што Македонците се во помал број од бројот на заедниците затоа што државното македонско знаме нема да има можност, тоа со законот е предвидено, нема да има можност на некој начин да се истакнува и од законот за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија ние овде ќе имаме закон за непоставување на македонското знаме во тие единици.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Дали има реплики?

Повелете господине Рафис Алити имате три минути.

**Рафис Алити:** Ви благодарам господине претседател.

Навистина, за цело време дискутантот, неговата дискусија ја посвети на тоа како нема да се употребува државното знаме во општините каде во мнозинство се етничките заедници, отколку на аспектот како ќе се употребуваат знамињата и државното и знамето на етничката заедница, која во таа општина е во мнозинство. Така што, се добива впечаток дека Љупчо Балковски повеќе ги учеше тие кои се во општините или во претпријатијата како да не го употребуваат државното знаме, дека казните се многу мали и тн. Мислам дека е спротивното. Тоа е законска обврска на сите тие кои ќе имаат надлежност во празнични денови да ги истакнуваат знамињата на етничките заедници и државното знаме. Чуди фактот дека пратеникот еднаш говори за знаме на етничката заедница македонска, еднаш говори за државно знаме. Додека неговите сопартијци во

текот на минатите денови овде бараат да се отвори расправа околу едно заедничко знаме на сите етнички заедници кои живеат во Република Македонија. Тој е многу контрадикторен, бидејќи цело време пратениците на политичкиот македонски камп расправале како да се штити знамето или симбоот на македонската етничка заедница. Јас мислам дека сите знамиња, независно на која етничка заедница им припаѓаат, во иднина ќе ги штити законот. Доколку не се штитат со закон, тогаш би рекол не би било добро и да расправаме воопшто во однос на ова прашање, бидејќи и знамињата на етничките заедници и државното знаме ќе се штитат во иднина и со закон. Ние, напротив, треба да ги насочиме нашите дискусии во насока на тоа, граѓаните на Република Македонија, независно на која етничка заедница им припаѓаат да ги почитуваат знамињата, а не да се случи спротивното. Доколку ние ги насочиме нашите дискусии погрешно, во спротивно, нашите пораки се јасни дека ние не сакаме да се почитуваме едни со други или взаемно да се почитуваме. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Имате една минута, господине Балковски.

**Љупчо Балковски:** Само да појаснам дека јас го читав предложениот закон за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија. Со овој закон кажав дека законски македонското знаме може да не се употребува во овие единици, а ако не е така јас го молам пратеникот нека се пријави за дискусија, нека го чита законот и тој нека зборува за употребување на македонското знаме ако има разбирање за нашата страна. Јас зборував за тоа како нема да се употребува македонското државно знаме и сега пратеникот нека се јави за дискусија и нека ми објасни мене како ќе се употребува македонското знаме во единиците на локалната самоуправа, каде што заедниците ќе бидат во мнозинство. Нека објасни на некој начин.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе. Еве расправата стигна и до законот за употреба на знамињата за заедниците во Република Македонија. Тука имавме долга расправа. За жал, госпоѓата министерка дојде само на една седница, па можеби еве тоа беше причината Владата да интервенира со два амандмани. Доколку беше во првите денови од расправата, можеби ќе се случеше и нешто повеќе. Но, жалосно е нешто друго на еден ваков закон кој што ни го предложи Владата од 13 члена, имаше повеќе од 40 амандмани. Значи, амандманите доаѓаа од сите пратенички групи, без разлика дали е позиција или е опозиција и дали е едната етничка заедница или другата етничка заедница, што покажува дека законот апсолутно не е она што треба да донесе добро во Република Македонија и дека после овој закон ќе имаме регулирани права, како за македонскиот народ и употребата на македонското државно знаме, исто така и за знамињата на заедниците. Зошто го велам ова? Господинот заменик министер кој е тука претставник цело време и кој што толку мудро или мудро во наводници, го одмолча целиот овој закон, на самиот старт кажа дека решенијата во законот се добро познати и нема да ги образложувам поединечно. Законот не нуди нејсни, недоречени или сложени состојби, туку напротив тој е едноставен, би се рекло процедурален, но со кој се заокружува уште една обврска од Охридскиот рамковен договор. Република Македонија со донесувањето на овој закон уште еднаш, како и многу пати до сега ќе потврди дека умее да се издигне над дневно политичките настани и овој закон не треба да се сфати како нешто што е на штета на државноста и суверенитетот на Република Македонија. Овие зборови изнесени од него на говорницата од него, даваа толку голема сигурност кај сите граѓани во Република Македонија, пошто тие немаа можност да го видат овој Предлог на закон и имаа можност да не слушаат, кој слушаше повеќе од овие 10 дена расправа и на овие негови зборови се поднесени повеќе од 40 амандмани. Пошто веќе сега преминвуаме во разговор по текстот на законот, јас би сакал да не ме предупредувате, ќе ги кажувам токму по текстот на законот, член по член и сите амандмани кои што господата од Владата успеаа да ги одбијат. За мене ме чуди само една работа. Јас ќе ги прочитам како доаѓаа од позицијата и опозицијата и за мене е едноставно неприфатливо ниеден амандман од господата од позицијата да не биде прифатен, затоа што дел од тие амандмани точно доаѓаа и од пратеници од нивните редови. Што меѓувреме се случуваше, можеби знаат тие и токму тоа ме плаши за она што се говори дека ќе се издигнеме над дневно политичките настани и овој закон не треба да се сфати како нешто што е на штета на државноста и суверенитетот на Република Македонија. Мислам дека не се издигнавме над дневно политичките настани и дека токму овој закон и начинот на донесување на овој закон ја кажува кризата во редовите на владеачкото мнозинство.

**Љупчо Јордановски:** Е, сега ќе ве прекинам, бидејќи вака дозволував по три или четири минути да не се спомнува текстот на законот, а сега почнете со текстот на законот, ве молам.

**Спиро Мавровски:** Да, јас почнав со членот 2 кој што е клучен во оваа ситуација за која што говоревме цело време. Значи, не се издигнавме над дневно политичките настани затоа што членот 2 ставот 2 можеби е клучниот фактор во целиот овој закон, со што се руши и уставноста и суверенитетот и се она што требаше овој закон да донесе. За што, всушност, се говори? На членот 2 став 2 имавме 5 амандмани, каде што првиот амандман гласи "Под знаме во смисла на став 1 на овој член се подразбира знаме што заедниците го избрале и го употребуваат како знаме за изразување на својот идентитет и особености, што ова е дел од ставот 2, а кое не смее да биде знаме на друга држава". Тоа е

првиот амандман. Во членот 2 по ставот 2, по зборот "особености", точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите "а кој во исто време не може да биде знаме на друга држава". Тоа е вториот амандман. Третиот амандман, во членот 2 став 2, точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите "а што е различно од знаме на друга држава". Амандманот 4 "знамето што го избрале и употребуваат заедниците во Република Македонија за изразување на својот идентитет и особености, не може да биде идентично со знаме на друга држава". Амандманот 5 "Знамето на заедницата не може да биде идентично со знаме на друга држава". Значи, сите овие пет амандмани беа амандмани поднесени на членот 2 став 2 и за жал Владата не најде за згодно ниеден од овие да прифати. Понатаму, јас прво би ги наброил сите амандмани, би ги прочитал буквално и покрај тоа што доаѓаат од опозиција и позиција.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски, можете да читате амандмани, само дали сметате дека треба да биде тоа ваша работа, само пак ве молам по текстот на законот, бидејќи амандманската расправа заврши.

**Спиро Мавровски:** Ова е токму по текстот на законот.

**Љупчо Јорданвоски:** Во текстот на законот не стојат тие работи, но слободно читајте ги амандманите. Имам време да ве сослушам, читајте ги амандманите, тие се 46 амандмани и прочитајте ги.

**Спиро Мавровски:** Времето е одамна поминато, се работи за нешто друго. Со оваа амандманска расправа пратениците се обидоа да донесат закон кој што ќе биде функционален. Владата и покрај сите ветувања дека се носи закон кој што е за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија, едноставно не прифати ништо.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски, јас се извинувам што ве прекинав, продолжете.

**Спиро Мавровски:** Благодарам.

Прво, би ги прочитал амандманите од господата од позицијата. Значи, во членовите 4,5 и 6 став 1 по зборовите "знамето на таа заедница",се додаваат зборовите "и знамето на единицата на локална самоуправа". Тоа е одбиено. Членот 5, алинеја 2 се брише. Повторно тоа е одбиено. Членот 5 точка 4 на крајот од реченицата се додаваат зборовите "и претседателот на Собранието" и тука не гледам причина, пошто се работи лично за вас, ако другите јавни личности во Република Македонија имаат право при секоја посета да се веат знамиња, не гледам причина зошто за вас да не се вее. Но, испадна дека само вие испаѓате од целата оваа ситуација, а сите останати министри и не знам уште кои јавни личности ќе можат да се движат. Во членот 6 став 1 алинеја 1 учествува или е презентирана се бришат и тоа отпадна. Во членот 7...

**Љупчо Јорданoвски:** Господине Мавровски, за претходниот амандман околу претседателот не кажавте дали е одбиен или е прифатен.

**Спиро Мавровски:** Па, не е прифатен. Законодавно-правната комисија секогаш ќе ве прифати, но мислам дека Владата тешко ве прифаќа. И тука имаме проблем. Тогаш е во ред. Значи тој е третиот амандман што Владата го прифати и тоа е добро. Посебно се однесува за вас и уште подобро.

Во членот 8 по првата алинеја, средината се додаваат зборовите "повисоко за еден метар и со поголема димензија од знамето на заедницата". Значи, стигнавме до членот 8 во втората алинеја, кое е за еден метар повисоко. И, кога веќе немаше повеќе знамиња, се фативме за стаповите или за јарболите на кои што ќе се веат знамињата и со тоа да го задржиме суверенитетот на Република Македонија. Исто така, член 8 алинеја 3 во сите случаи кога се истакнува знамето на Република Македонија, тоа е повисоко за еден метар и со поголема димензија на другите знамиња, димензиите на знамето на заедницата не можат да бидат поголеми од димензиите на државното знаме. Сите овие предлози се од позицијата. Во она што значеше казни, зголемување од 50 на 200 илјади и се така во таа насока. Другите амандмани доаѓаат од господата од ДУИ, каде што се заменуваат зборовите во членовите 4, 5,6 и 8 со најмалку 20% и се во таа смисла, како и во сите останати закони што до сега сме ги добиле. Значи, во членот 5 "мнозинство", се заменува со "најмалку 20%". Член 6 повторно "мнозинство со најмалку 20%" и тн., некои научни собири. И, она што беше најважно, она што доаѓаше од опозицијата на крајот добивме два амандмани, амандманот 1 во член 5, во алинеја 5 зборовите "овластен претставник" се заменуваат со зборовите "висок претставник". Амандманот се предлага заради прецизирање на одредбата на членот 5 алинеја 5 односно се предлага употреба на знамето на Република Македонија на знамето на таа заедница при официјална посета на висок претставник на Меѓународната заедница. И, вториот амандман во член 6 став 1 во воведната реченица зборовите "можат да се истакнат знамето на Република Македонија и знамето на таа заедница", се заменуваат со зборовите "доколку се истакне знамето на таа заедница, се истакнува и знамето на Република Македонија". Амандманот се предлага со цел прецизирање на текстот на воведната реченица од член 6 став 1 на законот кој што го имаме пред нас. Пошто, како опозиција се обидовме да ги образложиме сите овие амандмани за кои што говоревме, еве јас ќе бидам така внимателен, нема да ви ги повторам уште еднаш, мислам дека доволно ви беа јасни. Но, за жал, ништо од тоа не прифативте, не ви е јасно нешто друго. Но, за тоа ќе дискутираме во некои други времиња, така што можеме да продолжиме сега по текстот на законот за членот 2 став 2. Значи, различните варијации во секој случај овие амандмани

поднесени од различни пратенички групи и од различни пратеници кои припаѓаат на овие пратенички групи, се согласуваат сите во едно, а та е дека знаме на туѓа држава во Република Македонија не смее да се вее. Зошто е тоа така? По сите меѓународни правила и норми стои дека територијалниот суверенитет се искажува преку знамето на државата која што ја претставува тоа знаме. Значи, овој територијален суверенитет надвор од сопствената држава може да биде изразено во амбасади, во конзулати и во дипломатски возила, кои што претставуваат екстериторија во земјата каде што се веат овие знамиња. Се разбира, со дозвола на земјата во која што истото се вее. Ако е тоа така, прашањето и минатиот пат и сега стои, дали со употребата на албанското знаме во Република Македонија и посебно барањата и тоа да се вее и пред државни установи, едноставно нашиот суверенитет територијален се одзема и доаѓаме во ситуација тоа да претставува екстериторија или територија на знамето кое што ќе се вее во тој дел, а тоа е територијата на Република Албанија. Мислам дека тоа и граѓаните кои што живеат Македонци од албанско етничко потекло во Република Македонија дека тоа не го сакаат, дека тие се составен дел на граѓаните на Република Македонија. Тука живееле, барем поголем дел од нив се надевам, живеат и понатаму, ќе живеат во Република Македонија, за разлика од многу други кои што доаѓаат, ги прават проблемите и заминуваат од Република Македонија, а тоа е веќе друга ситуација, која што пред неполни четири години ја видовме. Со овој член 2, ние доаѓаме во една друга ситуација, која што исто така треба да се разгледа и мораме да ја разгледаме уште во старт. Затоа што, ќе имаме закон за знаме од етничко потекло и како што кажавме, освен во две општини, во сите други општини ќе треба да се вее знамето на Македонците од албанско етничко потекло. Сега, се прашуваме дали со она што значеше Охридски рамковен договор, ние дојдовме во ситуација Македонија да ја прогласиме за бинационална држава или пак она што треба да значи нивно право и определба, веењето на знамето на националните заедници од етничко потекло, различно од македонскиот народ, да треба да веат свои знамиња, треба да имаме или многунационална држава, што во основа и се прогласуваме или пак ќе треба да имаме нешто што во ситуацијата ни претставува бинационална држава, што мислам дека апсолутно не беше ни по Охридскиот договор, ниту по она што сега го донесувавме како закон. Зошто го говорам сето ова? Мислам дека многу забелешки кои што доаѓаа и од граѓански здруженија, од Сојузот на борците посебно, се бараше овој закон да се разгледува во однос на она што значи материја што се обработува, Предлог-законот да се разгледува во редовна собраниска процедура. Тоа ние го одбивме и тука зедовме да разгледуваме и да расправаме во однос на она што значи донесување на Предлог-законот, амандманска расправа и донесување на законот. По нивните кажувања дека законот за употребата на знамињата на етничките заедници, со цел да се стави ред во нивната примена и забелешката, која што е дел и од амандманите на опозицијата, знамето кое етничките заедници го избрале и го употребуваат како знаме за изразување на својот идентитет и особености, да не биде идентично со знамето на други држави.

Сега во овие дискусии во овие 10 дена слушнавме многу различни тонови, слушнавме дека еве тоа знаме го претставува националниот идентитет, дека од тоа знаме не може никој така едноставно да се откаже, дека тоа знаме ја претставувало борбата на албанскиот народ низ вековите, дека тоа знаме ја претставувало борбата на албанците за време на Втората светска војна и многу други такви работи, кои за мене се несвојствени затоа што тоа знаме асоцира, јас очекував дека ќе има поголеми реакции од господата бидејќи реакциите доаѓаа кога се предложи тука за грб да биде избран лавот на Република Македонија , дека тоа не е во согласност со единиците на Народно Ослободителната Борба, но сега ќе прашам дали ова знаме кое се вееше за време на Втората светска војна, кое го вееја Џемо и Мефаил кои беа квислинзи, слуги на окупаторот во Република Македонија, после ова признавање на тоа знаме и веење низ Република Македонија доаѓаме во ситуација ние едноставно да имаме помирување или она што значеше или значи сега веење на знамиња балисти, по фудбалски терени, знамиња од 40 метра, дека со тоа се помируваме сите заедно или пак доаѓаме во една друга ситуација. Доаѓаме во една друга ситуација истото ова знаме кога се вееше во 2001 година, кога се рушеше уставниот поредок на Република Македонија и кога дел од господата кои сега се борат за овие етнички знамиња повторно беа на чело и ги вееја тие знамиња. Дали ние треба сега сето ова да го заборавиме, дали треба да заборавиме дека на изложбата по повод 60 години од АСНОМ, значи многу скоро, не беше поставено ниту знамето со кое 1990 година ја добивме независноста на Република Македонија. Мене ми е многу жал, значи ние национално помирување не можеме да постигнеме, но сето ова другото можеме да го простиме и можеме да вееме низ Република Македонија какви што сакате знамиња и тоа на никој од нас нема да ни смета, дефинитивно. Зошто го говорам ова? Затоа што со самиот закон, со ова како што ние сега ќе го донесеме законот, и покрај сите инсистирања прво да се донесе законот за знамињата, да знаеме кои знамињња ќе се веат, затоа што во членот 2 многу јасно се кажува:

"Заедниците на Република Македонија заради изразување на својот идентитет и особеностите имаат право да употребуваат знаме.

Под знаме во смисла на став 1 од овој член се подразбира знаме што заедниците го избрале и го употребуваат како знаме за изразување на својот идентитет и особености".

Тука ништо не е јасно, тука може секој да кажува што сака, да работи како сака и ова што денес го гледаме во Република Македонија, за жал, и да го озваничиме. Што значи тоа? Озваничувањето на сето ова значи ова што во моментот во еден поголем дел од територијата на Република Македонија воопшто не се вее знамето на Република Македонија, во поголем дел на Република Македонија воопшто единиците на МВР не можат да бидат присутни во тие делови и тука со ваквиот начин и ова што ние ќе го прогласиме сега за веење на знамиња на заедниците апсолутно ние ќе ја изгубиме и територијата, и територијалниот интегритет и суверенитетот и се она што некој се плашеше од некои колумни. Колумните не се ништо господа, озваничувањето и ваквите ситуации кои ние со закон ги донесуваме е страшното, а тоа се случува, за жал, покрај нас, со рушење на Уставот на Република Македонија , затоа што ова нема апсолутно ништо ни со Охридскиот договор, затоа што неколку пати ова е начинот на кој што е изиграно ова Собрание, почнувајќи од Охридскиот рамковен договор и кога сето тоа се утврди дека не е така, тогаш ќе најдеме некој друг начин , во однос на некои европски стандарди да бидеме поблиску до ЕУ, да бидеме поблиску до НАТО структурите или не знам до кого поблиски. Затоа, уште еднаш ќе ви кажам, ова што на овој начин се носи, мислам дека нашиот источен сосед пред 15, 20 години многу беше проблематично кога влегувате во една држава и гледате две државни знамиња на јарболот. Тогаш беше знамето на Советскиот Сојуз и знамето на Бугарија. Како се чувствуваа тие луѓе таму многу брзо покажаа после добивањето на нивната независност. За жал, ние после тие 15 години се обидуваме сега на влезовите во Република Македонија, покрај нашето знаме да има уште едно државно знаме и како сето тоа ќе биде и како ќе функционира, луѓето што доаѓаат во Република Македонија во една независна држава тоа ќе го видиме дополнително.

Во однос на ова што во моментот претставува закон, во однос на она што во моментот се вее низ Република Македонија, мислам дека сведоци сме сите, за жал, како што кажа и господинот Балковски, не што нема финансиски казни каде што треба да се казнат со некои средства кои секој ќе ги плати и апсолутно нема да биде проблем, туку такви казни не постојат и за жал, гледајќи некои снимки од местата кои во моментот сеуште припаѓаат на Република Македонија , гледаме знамиња од туѓи држави кои се распнати комплетно преку цели улици во должина од 10-тина метри и повеќе, и за тоа ниту е некој приведен, ниту одговарал, ниту мисли да одговара. Јас кажав два настани за кои сеуште очекуваме информација, за нив сеуште нема ништо, а тоа е натпреварот во Тетово меѓу Албанија и Македонија, каде што воопшто на меѓународен натпревар не се веело Македонското знаме, за жал. И другото, тоа е настанот од финалето на Купот на Република Македонија каде што сеуште очекуваме од МВР извештаи, кој успеал да го симне Македонското знаме, а да го постави Албанското, затоа што таква ситуација до сега не е видена во Република Македонија, се случува прв пат, но можеби ќе стане стандардна процедура.

Понатаму, во членот 5 став 2 се вели: "Во единицата на локалната семоуправа во која живеат граѓани припадници на заедницата и се мнозинство во таа едница на локална самоуправа, согласно член 2 од овој Закон, пред и во објектите на државните органи, јавните служби и правните лица основани од државата, јавните служби и правните лица основани од единицата на локалната самоуправа, на улиците, плоштадите и други инфраструктурни објекти, покрај знамето на Република Македонија се истакнува и знамето на таа заедница", а во ставот 2 се кажува "на денови на празници на заедниците". А во претходниот став "во денови на државни и други празници на Република Македонија утврдени со закон". Значи, во ставот 2 "во денови на празници на заедниците" неутврдени со закон, јас кажав што во моментот се случува во Република Македонија, ние сеуште бараме детален урбанистички план или генерален урбанистички план според кој ќе се подигне споменик во врска со жртвите кои ги даде Македонскиот народ во 2001 година, во меѓувреме се направени три или четири такви споменици, а можеби бројот е и поголем, и денес денови на празници се прогласуваат настаните во Гајре, Вејце, Карпалак, Љуботен, Липково и не знам уште кои, се веат знамиња и сето тоа е вред и тоа е начинот, бидејќи не е регулирано со закон, заедниците се тие кои ќе се искажат, ќе кажат кои се нивните празници и на кој начин тие ќе ги слават своите празници. Значи со многу знамиња од други држави, со гости, со оние кои учествувале во тие настани, кои се денес херои на таа заедница. За жал, ние таквите херои ги поставивме во затвор, не можеме да им најдеме сеуште место ни за споменик и тука е нашиот пороблем. Но тоа е наш проблем, не е нивен проблем. И овој проблем со овој закон повторно е наш проблем.

Затоа, господа, мислам дека начинот на кој што сакаме да донесеме некои ситуации-пред се апелирам до пратениците од позицијата, мислам дека ова не е начинот на кој што ние, вклучувајќи се во она што зна чи Охридски договор, а ова не е ниту дел од Охридскиот договор затоа што многу јасно се кажува во членот 2 став 1 што е Охридски договор, ова е нешто што некој бара начин како да озваничи нешто и она што значи употреба на државното знаме, да дојдеме во ситуација на употреба на две државни знамиња, затоа што кај нив нема дилема кое ќе биде тоа знаме, и покрај нашата дилема, но во секој случај тие се во право и нивната заложба јас ја оправдувам. Но се што е понатаму јас кажав, овој закон не решава апсолутно ништо во однос на други знамиња на други држави што се веат во Република Македонија, никаде не ги имате ни

спомнато, не кажувате кој е начинот, дали тоа може да се санкционира, треба да се веат такви знамиња. Доаѓајќи денес забележав возилата на единица од НАТО -пактот од првиот до последниот веат грчки знамиња, и тоа низ Република Македонија. Мислам дека и тука треба да имаме еден закон со кој ќе се знае како и на кој начин ќе можат тие знамиња да се веат, значи во контекст на НАТО-пактот или не знам со коее знаме од ЕУ може да се вее и другото знаме. Вака кажав дека тоа претставува некоја екстериторијалност.

Во однос на членот 6 каде што кажувате за локалната самоуправа, која е и организатор учествува или е презентирана во согласност со правилата и практиката на одржување на тие собири, за да може да се истакне знамето, мислам дека тука апсолутно ќе дојдеме до една дисхармонија каде што може да се случи да имаме две и три знамиња од заедници, а претпоставувам дека и останатите заедници ќе бараат некои знамиња на држави кои постојат, значи турско знаме, албанско знаме, босанско знаме или не знам уште какви знамиња и ќе изгледаме токму како ООН. За жал, кажав во ваквите места, во ваквите месни заедници и нивните простори имаме еден проблем, имаме месни заедници кои не можат да соберат ни 20, или 50 луѓе, така што не знам каде ќе ги поставуваме знамињата, овие стапови или јарболи што треба да се постават пред ваквите месни заедници мислам дека ќе направат уште поголем проблем и апсолутно ништо со ова не сме решиле, ни две метри полево, ни две метри подесно, можби цела зграда е 6 метри, ние не ќе имаме место ни Македонското знаме каде да го поставиме, а она што беше барање на колегите да биде две метри поголемо, повисоко, не знам што ќе постигнеме со тоа.

Во однос на она што значат казнени одредби, мислам дека апсолутно во Република Македонија тоа не функционира, не само за знамињата туку тие казнени одредби не функционираат за луѓе по кои има распишано и потерници, луѓе кои јавно излегуваат на телевизија пред национални знамиња со кои го искажуваат својот национален идентитет на територија на Република Македонија, која ја прогласуваат екстериторија и ние сеуште не можеме никого да казниме, сеуште тие функционираат и се надеваат дека и тие како дел од некоја држава ќе влезат во ЕУ. Е тоа е господа нашиот проблем, тоа е проблемот со употребата на знамињата на етничките заедници во Република Македонија, тоа е проблемот со нас сите како македонци, како македонски народ и употребата на државното знаме во Република Македонија. Тоа е најголемиот проблем за кој што треба да проговориме, а сето друго може да биде под маска, за да може да се пробие, затоа што и во моментот ако ја гледаме ситуацијата во Република Македонија, таа е крајно катастрофална и македонското знаме во северозападниот дел на Република Македонија не се вее, така што после некои настани кои се случија на тој дел, каде што Уставниот суд реагираше, мислам дека и со Одлуката на Уставниот суд повторно може да се случат еден, два инциденти, после тоа сето тоа да заврши така како што почнало. Значи државата и она што значат етнички заедници во Република кедонија и лојалноста која што мислите дека ќе ја искажете со ова што доколку го добиете знамето ќе бидете полојални. Јас кажав, ни со 20% во полицијата, ни со 25% во армијата, ниту со 10 генерали во армијата или не знам колку работни места во Македонската телевизија не се постигнува. Државата во која што се живее, треба и да се оправда она што значи ваше право, вие имате и обврски. Вие постојано ги барате вашите права и тука завршува приказната. До кога така, оставаме на вас, затоа што соживотот не значи само барање. Соживотот значи и живеење, и давање и учествување, партиципирање, затоа што сте дел од оваа власт, можеби утре ќе имате и 10 министри, но тоа нема апсолутно ништо да промени.Сето ова мислам дека не е ни по меѓународни стандарди и дека за сето ова ќе се произнесат и надворешни органи, кои со овој закон, за разлика од вашето кажување не се доближуваме ни до ЕУ, ниту до стандардите на ЕУ, ниту пак ќе бидеме поблиску до некоја ситуација која ќе биде добра за Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

За реплика се јави господинот Хусенџеват Хусеини.

Господине Шакири, се јавувате за реплика?

Реплика има пратеникот Хусеинџеват Хусеини, повелете три минути господине Хусеини.

**Хусеинџеват Хусеини:** Почитувани колеги, многу се говореше, многу се кажа , се повторуваме постојано еден со друг, некој на една страна, друг на друга страна. Вистината, господине, е дека 25% граѓани на оваа држава се идентификуваат со тоа знаме, го почитуваат тоа знаме, го имаат како национално, традиционално, историско знаме. А друга работа е што за среќа или можеби за жал, јас тука нема да навлегувам, што Албанија тоа го има земено како државно знаме. Меѓутоа, во прв ред, тоа е национално знаме на албанците и историски тие го имале тоа знаме.

Не се ослабува Македонија со ова знаме, со ова знаме мислам дека државата Република Македонија повеќе ќе се зајакне, лојалноста на граѓаните ќе се зголеми. Ние ги разбираме нашите слободи и права и како обврски кон државата. Ние сме многу одговорни, меѓутоа, само треба да ни дозволите да станеме одговорни.

Затоа, овие дискусии кои имаат намера, реков еднаш и повторно ќе кажам, да бидете , можеби да се спомнувате како херои на Македонија или на македонштината-размислете малку, господине, во денешниот реален историски и балкански контекст, светски контекст, вие можеби

можете да бидете и Нерон на Македонија. Ние не сакаме да бидеме Нерон на Македонија.

Овие дискусии не водат никаде. Албанците секаде ве подржуваат, албанците ви дозволуваат да отворате универзитети, гранки на Охридскиот универзитет во Приштина, тоа ќе биде и во Албанија. Тие се многу широкогради, додека ние тука уште повеќе, затоа што живееме со вас и животот со вас во оваа заедница го сметаме како предност, а не како хендикеп, како што вие тоа го сметате. Нема да навлегувам во текстот, меѓутоа, ќе ви кажам дека е голема среќа што знамињата се веат некаде високо и не може да се судирате со нив. Вие едноставно можете да го спуштите погледот и да не ги гледате, доколку имате толкава аверзија кон тие знамиња. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам, господине Хусеини.

Морам да кажам дека во преводот не разбрав и нејасно ми беше, Охридскиот универзитет со Приштина го спомнавте и навистина ми беше нејасно што е тоа за да реагирам. Такво нешто не постои, но не знам што беше, така што не можам ни да реагирам на тоа.

Вклучетего господинот Хусеини, тоа точно да го објасни за да можам да реагирам или не.

**Хусеинџеват Хусеини:** Реков дека Македонија ќе биде појака со ова знаме со кое ние се идентификуваме, кое е историско, традиционално знаме на албанците, реков дека можеби е среќна или несреќна околност тоа што Албанија тоа знаме го прогласи за свое државно знаме.

**Слободан Најдовски:** Тоа е во ред господине Хусеини, единственот делот во кој се спомнуваше Охридскиот универзитет, албанците дозволиле Охридски универзитет да има во Приштина, тоа не разбрав.

**Хусеинџеват Хусеини:** Тоа го пишуваше во весниците, во Приштина, да, ќе се отвори отсек за царина и тоа на македонски јазик.

**Слободан Најдовски:** Значи факултет.

**Хусеинџеват Хусеини:** Да.

**Слободан Најдовски:** Добро, во ред јасно е сега.

Повелете господине Мавровски, една минута контрареплика.

**Спиро Мавровски:** Господине Хусенџевад Хусеини изгледа не се разбираме, затоа што 25%, кажувате дека се идентификуваат со тоа знаме. Тоа е исото и во Грција и на Косово. И во Грција има луѓе кои се со албанско етничко потекло, па не се идентификуваат со ова знаме со кое вие се идентификувате. На Косово се случува друго. Кажувате дека ви треба државно национално знаме. Значи повторно не се идентификуваат со ова знаме.

И сега за ова што говорите за Приштина и факултетот, па вие заборавате, во Тетово има два универзитети. Можеби такво нешто не се случило ниту во Софија ниту во Букурешт ниту во Париз, два универзитети во еден град со 100 илјади луѓе, мислам дека тоа го нема никаде во светот. А вие бевте Нерон, за разлика од мене што нема да бидам затоа што ја сакам оваа држава и нема да го направам ова што вие го направивте.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Најдовски.

Три минути реплика господинот Џезаир Шаќири.

**Џезаир Шаќири:** Благодарам господине потпретседател,

Сакам да му реплицирам на колегата кој се обиде да го употреби нашето знаме со неколку потценувачки зборови, во времето на Втората светска војна.

Господине Мавровски, да не одиме толку далеку во Втората светска војна, туку поблиску, кога вие имавте проблем за идентификацијата на оваа држава, проблем ви беше националната идентификација, а тоа беше едно од првите знамиња што ве призна. Неодете многу далеку. Да ни кажете барем едно благодарам, доколку можете.

**Слободан Најдовски:** Овде морам да реагирам господине Шаќири. Немаше Спиро Мавровски и другите проблем, имавме сите ние, а и вие сте составен дел на оваа држава, што значи и вие го имавте тој проблем.

Повелете господине Мавровски една минута контрареплика.

**Спиро Мавровски:** Повикувањето на Втората светска војна беше токму од господинот Рафис Алити и тоа знаме се вееше тогаш, во контекст на не знам кој конфликт.

Ова што вие го кажувате, не можам вас да ви бидам благодарен. Се согласувам со господинот потпретседател, тоа го направи Република Албанија, а вие бевте дел од оваа држава. А за благодарам, мислам дека и Република Македонија очекува едно големо благодарам од вас, а не она што се случи после 1999 година, луѓе кои беа тука да се вратат, но за разлика од првиот пат, сега вооружени. И за тоа благодарам, мислам, го немаме.

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме понатаму со расправа. Има збор господинот Љупчо Мешков.

**Љупчо Мешков:** Блгодарам господине потпретседател, господин заменик министре, почитувани пратенци,

Навистина после толку расправа тешко е да се изнесуваат некои оригинални аргументи и факти со цел да се убедат или да се разубедат, како да кажам, пратениците од мнозинството да не го гласаат овој закон. Меѓутоа, ова е прилика и јас како и моите колеги да го искажам мојот став по однос на ова, навистина значајно прашање односно овој навистина значаен закон. И за разлика од многу други нема да се трудат да ги убедувам пратениците од позицијата да гласаат против неговото донесување затоа што знам

дека, како што е и вообичаена пракса, законите кои се предлгаат во ова Собрание тие практично се донесени многу порано, уште кога ќе влезат во собраниска процедура, само формално правно овде подлежат на притискање на копчето и на донесување. Барем досега била таква праксата, освен, се разбира, ако не се работи за Предлог закон од страна на припадник односно член на опозиционите партии.

Долгите расправи кои ги имавме и кои воглавно беа од пратениците од опозиционите партии и мојата дискусија, пред се треба да бидат сватени како наш напор да докажеме дека и овој пат дека Владата нуди лош закон, како и многу други закони кои јас лично ги оценувам како лоши и дека на извесен начин, ако можеме да се апстрахираме и да укажеме на штетните последици што донесувањето на овој закон во практичната примена, може да ги има, со оглед на фактот што се работи навистина за значајно прашање, прашање кои го тангира не само суверенитетот на државата, туку и релаксираните меѓуетнички односи и се она што значи една Република Македонија подготвена за влез во Евроинтеграциите односно евроинституциите и во НАТО. Значи целта на мојата дискусија е да укажам дека овој закон за кој толку време расправаме е лош закон и дека тој не може да ги исполни интенциите и целите што веројатно ги има предлагачот и што мисли дека со овој закон ќе биде постигнато, туку напротив мислам дека овој закон ќе предизвика штетни последици. Сега сакам со аргументи и факти за кои јас сметам дека се аргументи и факти да дискутирам и да аргументирам зошто мислам дека овој закон е навистина лош закон.

Прво, како што ни е познато овој закон, неговата основа за донесување ја бараме во Рамковниот договор кој потоа е преточен и во Уставните амандмани, Рамковен договор кој беше донесен, знаеме во кое време, со кој требаше да престанат воените дејствија во Република Македонија и со кој требаше да се релаксираат меѓуетничките односи во Република Македонија. Меѓутоа, за жал, наместо да се постигне таа цел, сведоци сме дека овој закон создаде и се уште создава расправии, тензии, можеби најповеќе и заради што од многу пратеници беше констатирано дека и овој закон како и многу други го надмина она што со Рамковниот договор беше пропишано, значи излегува од Рамковниот договор. Да беше сега претседателот можеби ќе ме прекинеше, јас сеуште не се повикувам на членови затоа што ја барам основата од каде произлегува донесувањето на овој закон и какви интенции требаше да направи истиот, а што сметам дека неговата примена ќе направи. Можеби заради тоа што излегува од Рамковниот договор а можеби и заради тоа што кај македонците повеќе од било кога порано се зајакнува чувството дека постојано само нешто се бара и нешто се дава, а за возврат, не на нив, туку на државата заедничка на сите, многу малку се дава или скоро ништо.

Овој, како што знаеме, Рамковен договор и Уставните амандмани ја предвидуваат можноста етничките заедници, таму каде што се во мнозинство да можат преку употребата на симболите да го изразуваат и негуваат својот идентитет. И веднаш тука сега се поставува прашањето, што врска има изразувањето на идентитетот со употребата на албанското знаме пред државните органи. Државните органи се органи на државата, значи органи на сите, тие не се органи на етнички заедници или на припадници кои се повеќе или кои се помалку, или се во еднаков број, тие се државни органи кои се должни на подрачјето на единиците на локалната самоуправа да ги спроведуваат ингеренциите на државата. Значи идентитетот нема никаква врска со истакнувањето на знамињата пред државните органи, мислам на членовите 3 и 5 од овој закон.

Националниот идентиет, барем јас како што ги разбирам работите се изразува, како што и впрочем, со примери ќе кажам, во многу земји во Европа и светот, се изразува на приватни веселби, свадби, погреби, сунети, крштевки итн., но не и со истакнувањето на националниот идентитет пред државни органи. Сега ако предлагачот мисли, малку ќе бидам сархастичен, ако мисли дека со истакнувањето, да речеме на знаме на друга држава, во конкретниот случај на албанската држава, дека една полициска станица нема да биде ракетирана, тогаш можеби има логика да речеме во ваквиот предлог, но мислам дека тоа не е целта, и затоа сметам дека на погрешно место овој закон регулира, во овие одредби 3 и 5 дека државното знаме односно идентиетот на припадниците на етничките заедници може да се изјаснува преку истакнување на знамето пред државните органи.

Сега како пример можам да истакнам, јас се обидов да прочитам нешто и да видам како тоа е регулирано во други држави. Еве на пример ќе ја земам Австралија и Мелбурн. Во Мелбурн на пример живеат повеќе Грци отколку што живеат грци во Солун. Меѓутоа во Мелбурн никаде не можете да сретнете пред државен орган грчко знаме. Веројатно државата водела сметка, поаѓајќи од вактот дека таа е мултиетничка, значи таа е составена од делови на многу народи, како би го зачувала и би го јакнела тој државенсуверенитет доколку дозволи во разните градови на Австралија, да речеме, припадниците или деловите од другите народи да можат пред своите единици на локална самоуправа, локални органи, државни органи, да истакнуваат знаме на друга држава. Се разбира дека тоа таму е недопустливо. Исто така и она што еден наш колега го спомна за американското знаме на месечината, тоа е знаме на државата, тоа е знаме на САД, тоа не е знаме ни на црнците, ни на белците односно само на црнците или само на белците или незнам на кој се. Тоа е знаме на државата.

Сега јас би одел до таму што би рекол дека апсурдноста, според мене, на една ваква

одредба во Законот е толку голема што понекогаш мислам дека и без да го бараат тоа албанците, предлгачот може и по некоја грешка во набројувањето на нештата каде што се може да биде ова знаме, ги спомнал и државните органи. Меѓутоа, со оглед на фактот што амандманот на тој член не беше прифатен, веројатно не било грешка.

Второ, поради што сакам да кажам дека овој закон е лош закон е фактот што овој закон спаѓа во редовите на законите кои третираат врвен национален интерес и се разбира државен суверенитет. Еве да се повикам на членот 1 кој ја кажува суштината на овој закон. Меѓутоа она што загрижува е фактот што ние досега не успеавме да создадеме единство по овие прашања од национален интерес, помеѓу позицијата и опозицијата, помеѓу македонските граѓани и припадниците на етничките заедници, барем во случаите кога се донесуваат вакви важни закони.

Многу пати во овој Парламент беше укажувано дека мора да имаме список на прашања кои се од заеднички државен и национален интерес и за кои не треба да имаме такви антагонизми и спротивставени мислења, туку прашања кои се од врвен државен интерес и за кои, навистина не е многу битно дали ќе дискутира по нив припадник на позоцијата, или на опозицијата, или на една или на друга политичка партија. Овој закон е уште еден доказ дека ние не отидовме чекор напред по однос на ова прашање, поаѓајќи од фактот дека законот, по мое мислење, ајде сега да не речам набрзина донесен, меѓутоа, донесен без да се уважи ниту еден аргумент од опозицијата, без да се вгради или да се размисли замислењата на некои експерти на кои оваа материја навистина им е поблиска отколку на многу, да речеме, пратеници во овој Парламент. Значи продолжуваме со старата пракса, сепак да се носат и закони од ваков врвен национален интерес, без заеднички став односно уважување на сите заеднички ствови и мислења, ако не уважување, барем исслушување на аргументите и фактите, без оглед од која страна доаѓаат дали од опозицијата или од позицијата. Тоа се гледа и од фактот што и Владата уште во текот на расправата по овој закон предложи амандмани, што се разбира деловнички не е не можно, тоа е во ред. Меѓутоа, ако е добро проучена оваа материја и ако добро се исслушани аргументите и на експертите и на сите, малку е чудно сега на пример во теко тна расправата, веднаш, уште не донесен законот, да се предлагаат амандмани на неговиот текст и второ што се поднесени еден куп, така да кажам амандмани, 50-тина, од пратениците од скоро сите парламентарни групи. Но, она што е симптоматично е што имаше амандмани по текстот на законот и од пратеници кои припаќаат на владеачките партии што дополнително ја зајакнува мојата теза дека се работи за лош закон. И сега се прашуваме каков квалитет може да има овој закон, кога за прашањата од врвен нациоонален интерес нема единство, барем не до крај, дури и кај владеачките партии. И нормално како резултат на тоа секој може да заклучи дека првенствена цел на сето ова е да се задржи власта по секоја цена затоа што и нормално е така да резонираат партиите на власт, но можеби е и одговор на прашањето, зошто мнозинството во овој Парламент не инсистира до крај на менувањето на член 2 став 2 од законот албанското знаме да има одредена апликација која ќе го разликува од знамето на друга држава.

Трето, зошто мислам исто дека овој закон е лош, пред се мислам на членот 4 од Законот, заради фактот што, освен што со донесувањето на овој закон нема да бидат македонските граѓани, кога велам македонските мислам на припадниците на македонскиот народ, туку незадоволство ќе има и кај пратениците на албанската етничка заедница. Зошто мислам дека ќе има незадоволство?

Ако се донесе овој закон така како што се предлага, сега ќе дојдеме во ситуација на меѓата помеѓу две албански села каде што албанците се мнозинство и каде што можат да го истакнуваат знамето, едните ќе можат да им прават, да речеме мака на другите, во смисла на онаа, знаете јас си имам, ти си немаш. Ако предлагачот на законот размислува току демократски и смета дека употребата на знаме на друга држава на влилјае на нарушувањето на државниот суверенитет, тогаш може да предложи тоа знаме да не биде привилегија само на одредени месни средини каде што се албанците во мнозинство, туку тоа можел да го озакони и да овозможи да го употребуваат сите албанци, без оглед дали живеат во средини каде што се мнозинство, или не се мнозинство. Сега, тука во врска со ова прашање во жленот 4, сакам уште еднаш да се навратам на тезата на некои пратеници, колеги мои од албанските партии кои ова знаме го идентификуваа и велеа дека знамето е пред се знаме на албанскиот народ, дури потоа знаме на албанската држава. И сега од овој пример што претходно го кажав, може да се постави прашањето, дали овие албанци што сега живеат во средините што не се мнозинство и не се дел од албанскиот народ, или пак некој им рекол, тоа е така сега, мора овој закон да се донесе, а вие и понатаму си терате по старо, односно без оглед што законот не ви дава, вие и понатаму ќе можете, бидејќи сте припадници на делови односно сте дел од албанскиот народ, ситурно дека ќе ја имате таа можност и привилегија да го употребувате тоа знаме, без оглед што не сте во средина во која имате мнозинство. Значи овие аргументи ги кажувам не за тоа дека законот треба да биде уште поширок во употребата на ова знаме, туку да кажам дека навистина содржи некои аспурди кои го прават лош закон.

Во овој закон, се разбира има и еден израз на, така да речам демагогија за која се зборуваше и која еден пратеник, наш колега се обиде да ја лоцира на погрешно место, но мислам дека таа демагогија е уште поголема кога од некои пратеници од владеачките партии ќе слушнеме дека Република Македонија нема ништо да

изгуби со овој закон, затоа што по неговото донесување ќе се озакони и употребата на државното знаме на Република Македонија, на повеќе територии каде што тоа досега не беше можно. Се разбира дека граѓаните се носители на суверенитетот, пред се. Но, се поставува и прашањето, колку една држава, да речеме нашата или било која друга, ќе има корист од носители на државен суверенитет, нејзини граѓани кои наместо знамето на државата во која живеат, сакаат да го употребуваат и да го веат знамето кое со ништо не се разликува од знамето на друга држава.

Четврто, овој закон, зборувам сега за одредбите од членот 2 и членот 5, е лош и поради тоа што покрај некои други закони што во овој Парламент ги донесувме, сеуште и овој закон, со неговата примена ќе предизвика и ќе одржува состојби на тензии во Република Македонија, помеѓу нејзините граѓани. И сега не сум толку голем аналитичар, за да кажам дали случајно или не, непосредно пред решавањето на статусот на Косово, за кое многу пати и во однос на други закони што овој Парламент ги донесе го констатиравме. По мое длабоко убедување мислам дека заблудата на власта е дека суверенитетот на државата може да се зачува само со политика на постојано опуштање, угодување на желбите на припадниците на одредени етнички заедници, без тоа соодветно да се прави, на пример во случајот, кон другите етнички заедници, што мислам дека во многу блиска иднина дополнително ќе предизвика и соодветни реакции од нивна страна.

Јас сум еден од оние пратеници, колеги кои што смета дека можеби, немаше некоја поголема неопходна потреба за донесувањето на овој закон, бидејки мислам дека со неговата примена, ништо битно нема да се промени во сегашната пракса на употребата на знамињата. Дај боже да не сум во право и да можеме да го видиме и државното знаме секаде, па и на места каде досега тоа не беше можно. Значи можеби ќе покаже праксата,односно примената на овој закон дека можеби немаше потреба од донесување на овој закон, затоа што, како и за секој друг закон и за овој закон, мора да се инсистира стрикно на неговата примена.

Меѓутоа, она што е пропишано со преодните и со казнените одредби на овој закон, како што еден мој претходен колега зборуваше, за едно вакво битно прашање кој го тангира државниот суверенитет се предвидени, можеби парично, можеби симболични со износот казни, меѓутоа, со донесувањето на овој закон на одредбите им се дава третман на прекршок, а не на кривично дело и тоа веројатно, не е случајно, заради тоа што, замислете да беше кривично дело, па да му се даваше поголема важност на истакнување на државното знаме, државата да ја покаже својата сила треба да примени и одредени репресии, заради спроведување на законот, што е нормално, за една држава која претендира да биде правна, но знаеме сите како ваквите дејанија какви се штетни последици можат да нанесат и на меѓуетничките односи на државата, за што, како што се сеќавате и бевме еднаш, во не многу одамнешно минато, сведоци.

На крајот би сакал почитувани пратеници, и господине замениче министре, да кажам дека колку некому може да звучи демагошки мојата дискусија и дискусијата на пратениците од опозиционите партии, меѓутоа, во никој случај тие дискусии не смеат и не би сакал да бидат сватени како дискуии вперени против интересите на припадниците на албанската етничка заедница, меѓутоа, мора да се сфатат, како моја желба, еве верувам и желба и на другите колеги, за градење на едно граѓанско општество во Република Македонија во кое што, како што рече и претседателот, нема да има ни давање ни земање, сите ќе бидат навистина вистински еднакви, меѓутоа, обврските кои што произлегуваат од таа работа, ќе бидат подеднакви исто така за сите. Значи заедничко од сите, градење на граѓанско општество, не од некој повеќе, од некој помалку, или од некој се, а од некој ништо.

Значи на крајот би оценил за овој закон, дека овој закон по мене, не одговара на македонските стандарди, а камо ли на државните и другите на кои што се повикува членот 8 од Рамковниот договор, односно амандманот 8 од Уставот на Република Македонија.

Ако овој закон биде донесен во овој текст, како што е предложен, ако биде изгласан во ова Собрание, а јас не знам, по весниците читам дека Владата ќе го повлече својот амандман, во тој случај, веројатно, ќе бидеме ние рпатениците од Либералната партија, а можеби и некои други, приморани да предложиме во ова Собрание донесување на закон за употреба на државното знаме на Република Македонија, со кој закон, сигурно ќе пропишеме задолжителност на неговата примена на сите делови од Република Македонија и се надевам дека таков закон ќе биде изгласан во ова Собрание, реков доколку се усвои во ова Собрание овој закон што е предложен.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мешков.

Има збор пратеникот Абилаќим Адеми.

**Абдилаќим Адеми:** Благодарам господине потпретседател, почитуван заменик минситер, почитувани пратеници, веќе две недели дискутираме во Парламентот за законот за употреба на знамињата на етничките заедници во Република Македонија и за општата расправа и за амандманската расправа и во сегашната дискусија за текстот на овој закон, речиси се повторуваат истите дискусии, од истите дискутанти и т.н.

Мислам дека ние овде треба да се задржиме само на текстот кој што е предложен и да дискутираме на рационален начин, без да се повторуваме многу, без да се впуштаме во нашите опширни дискусии.

Тоа што овој закон се обидува да ги уреди, всушност, треба да го уреди, е определено во членот 1 од овој закон, каде што се вели дека со овој закон се уредува правото и начинот на употребата на знамињата на етничките заедници во Република Македонија, преку кој заедниците го изразуваат својот идентитет и особеностите. Донесувањето на овој закон, сега веЌе е јасно дека е обврска превземена од Охридскиот договор, и секако се подржува во Уставот на Република Македонија. Од друга страна, условите за интегрирање на Република Македонија во евроатланските структури, секако дека еден од тие услови е потполното имплементирање на Охридскиот рамковен договор.

Од друга страна, кога го имаме предвид фактот дека над 90% од граѓаните на Република Македонија го подржуваат интегрирањето на Република Македонија во овие структури, тогаш, обврската и имплементирањето на Охридскиот договор, треба да биде примарна обврска и на Владата и на Парламентот, меѓутоа, и на сите политички субејкти, без оглед на каква позиција се наоѓаат во моментот. Најмногу дискусии и најмногу амандмани имаше за изменување на членот 2 и јас мислам дека доколку нешто е предложено и е прецизирано добро во овој закон е токму членот 2 од овој закон. Зошто го мислам ова? Мислам дека предлагачот на овој закон добро го има дефинирано овој член и тоа затоа што овде се дефинира што е знамето, преку кое етничките заедници го избрале за изразување на својот идентитет и на своите особености. Зошто токму овој избор го има направено предлагачот? Затоа што, никому, ниту друга етничка заедница не може да наметне некому или на друга етничка заедница, кој ќе биде симболот преку кој тие ќе ги изразуваат своите особености и својот идентитет. Дури, јас ќе одам и до таму и ќе кажам дека ниту една етничка заедница, ниту еден политички претставник на таа етничка заедница не може да дефинира кој ќе биде симболот со кој што етничката заедница ќе го изразува својот идентитет и своите особености. Зошто го мислам ова? Затоа што симболот, како што е во овој случај знамето, ги има корените длабоко во историјата на една нација, на еден народ и затоа, не може со една политичка одлука да донесеме тука ние во Парламентот и да кажеме од денес понатаму знамето што вие сте го употребувале во текот на историјата и во разни периоди, сега ќе биде различен. Ова право го нема никој, ниту Паралментот, ниту политичките претставници на етничките заедници, ниту една политичка партија.

Јас овде ќе псотавам уште едно прашање, до оние кои што го спорат изгледот на знамето на етничката заедница на Албанскиот народ и да ги прашам дали сериозно го мислат ова што го велат дека треба да се измени знамето, или ова го прават само заради политички поени. Доколку им е за политички поени, можеби и ќе им се прифати, затоа што политичките партии за тоа и постојат, за да добијат политички поени, да излезат колку што е можно поподготвени, меѓутоа, доколку сериозно го мислат ова, јас би ги замолил да размислат малку подобро.

Околу тоа што се дискутира тука за интегритетот, за суверенитетот на државата и т.н., мислам дека во овој закон е многу јасно дефинирано сето тоа, затоа што интегритетот и суверенитетот на државата не се повредува со овој закон, дури не се повредува и со употребата на знамињата на етничките заедници во оние општини каде се дефинира со закон, затоа што во секој член, почнувајќи од членот 4, членот 5, членот 6 се вели дека покрај знамето на Република Македонија ќе се употребува и знамето на етничката заедница. Што значи, интегритетот и суверенитетот на државата го дефинира знамето кое што се употребува, знамето кое што е заедничко за сите граѓани на Република Македонија, додека, идентитетот и особеностите на онаа етничка заедница се изразуваат преку знамето на етничката заедница, која што ќе може да го употребува знамето во таа општина. Значи, сите дискусии околу повредувањето на интегритетот и суверенитетот на државата, во овој случај преку овој закон, паѓаат во вода, затоа што законот треба да се чита во целост, а не делумно. Ова се дефинира во членот 4, во последната реченица, знамето на Република Македонија и знамето на таа етничка заедница. И во членот 5 на пример начинот како ќе се употребува знамето и т.н., се дефинира добро и во точката 2 од првиот став. Се вели во деновите на празниците на заедниците. Зошто предлагачо тна овој закон избрал токму денови на празници на заедниците и зошто мислам дека оваа одредба е во ред. Затоа што, овој закон во прв ред, се знае е за употребата на знамињата на етничките заедници преку кои што, уште еднаш ќе повторам, се изразува и идентитетот и особеностите на таа етничка заедница, а од друга страна, секоја етничка заедница има и свои празници, чија карактеристична страна е на таа етничка заедница и право на секоја етничка заедница е тие празници да ги празнува. Право на државата е да им гарантира на етничките заедници, тие празници на достоинствен начин и на службен начин да можат да ги празнуваат.

Затоа, оваа одредба е сосема во ред и предлагачот на овој закон го има дефинирано многу јасно тоа и на деновите на празниците на заедниците ќе може да се употребува, како што спомнав и порано, знамето на Република Македонија и знамето на етничката заедница заедно.

Потоа, во третата точка се вели: "во денови на празниците, празници кои Општинскиот своет ќе ги одреди, како празници на општината".

Оваа одредба е во ред, затоа што го има предвид фактот дека секоја општина има своја историја, секоја општина има и свои датуми на кои празнува или денови на ослободување, или во поновата историја празнув и прв ден од конституирање на повеќепартискиот совет и т.н.

Така што, и во тие денови кои што општината ги одредува како празници на општината, ќе може да се постави знамето на таа етничка заедница во таа општина. Мислам дека многу јасно се дефинирани работите во овој закон и нема ништо дискутабилно и сите наши дискусии треба да бидат поддржани во текстот од овој закон.

Во членот 7, се дефинира начинот на употреба на знамето на етничката заедница во приватниот живот и тука во овој член нема никакво ограничување и тука не е задолжително етничката заедница, всушност, припадниците на етничките заедници можат во својот живот, на своите приватни манифестации, на своите веселби да го употребуваат и знамето на Република Македонија, што е сосема во ред, иако овде имаше амандман, со кој што овој член требаше да се избрише. Мислам дека е сосема во ред една ваква одредба да постои во законот, затоа што се говори за приватниот живот на граѓаните. Секако дека приватниот живот е гарантиран и со Уставот и затоа не треба да се мешаме овде и со закон. Значи во приватниот живот на граѓаните.

Мислам дека, посебно дискусиите и за оовј закон и за некои други закони кои што се донесени тука во Парламентот на Република Македонија не се разликувале многу. Го кажав тоа и порано. Секако се работи за добивање на политички поени и овде се постави и една дилема од страна на еден пратеник. Како ќе се употребува државното знаме и со овој закон како е уредено и како ќе се употребува истото. Јас спомнав еднаш, меѓутоа треба да го имаме предвид фактот дека постои Законот за знамето, грбот и химната на Република Македонија и таму е јасно дефиниран начино тна употребата на државното знаме. Дискусиите кои што беа, кои ги имаше околу 42, мислам дека ние иако во текот на дискусиите имавме групирање на неколку амандмани, тоа јасно говори дека многу амандмани беа со иста содржина. Некои беа и со технички грешки, меѓутоа, може да се констатира и еден друг факт дека сите амандмани беа, или голем број од нив беа предложени според мое мислење, само поради спречување на донесувањето на законот, или за пролонгирање на донесувањето на законот.

Денес се слушна и еден сомнеж околу тоа дали може законот да помине во Уставниот суд. Јас мислам дека овој закон нема основ да падне на Уставниот суд, затоа што амандманот 8 е потполно именент, заменет со членот 42 од Уставот на Република Македонија.

На крајот ќе нагласам дека околу меѓународниот фактор, тука се побара експертиза од страна на меѓународниот фактор. Меѓународниот фактор еден ден по донесвуањето на законот во Владата, го поздрави донесувањето на истиот и јасен е ставот на меѓународниот фактор, што се однесува на законите, кои што произлегуваат од Рамковниот договор, затоа што и меѓународниот фактор е потписник на Рамковниот договор и на некој начин е обврзан да ја следи имплементацијата на истиот договор.

Јас за текстот на овој закон имав толку и тука ќе заклучам, иако имам за кажување уште многу други работи. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Адеми.

Госпоѓо Којзеклиска имате реплика три минути. Повелете.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе. Значи јас би сакала колегата Абдилаќим Адеми да престане да ги лаже граѓаните на Република Македонија дека овој закон за употреба на знамињата на заедниците е дел од Рамковниот договор и дека доколку овој закон мине во Собранието, тоа ќе биде дел, или услов на 90% од граѓаните на Република Македонија, кои се залагале за влез во Европската унија и НАТО.

Во однос на она што го кажа дека многу го поздравила Меѓународната заедница донесувањето на овој закон, повторно зборува невистини затоа што јас досега не видов еден претставник, односно не слушнав еден претставник од Меѓународната заедница да го поздрави донесвуањето на овој закон, ниту пак да каже дека е обврска од Рамковниот договор. Значи имаме тотален молк, затоа што Меѓународната заедница знае дека не е обврска од Рамковниот договор.

Членот 7 во врска со приватниот живот. Почитуван колега Адеми, вие самиот рековте дека не треба да се меша во приватниот живот. Јас изреагирав гласно, дури и претседателот ме опомена, меѓутоа, нели е срамота во таков случај, кога сами велите дека не треба да се меша, вие со ваквиот закон, како дел од власта, посебно со членот 7 да барате посебен член со кој ќе се регулира правото на употребата во приватниот живот. Ако тоа ваше размислување го споредиме со Законот за грбот, знамето и химната, членот 15, се вели дека: "знамето на Република Македонија може да се истакне, алинеја 5 вели, при празнување на приватниот живот на граѓаните". И толку. А не ние да пишуваме пет реда, културни, вакви манифестации, такви меанифестации, па дури да имаше еден небулозен амандман од вашиот колега соопартиец, во кој барате и научно образованиот дел во приватниот дел.

Навистина срамота и смешно. Она што велите вие дека ниеден претставник, дури ни вие не може да го каже кое е националното знаме на Албанците, тогаш кој ви дава право вам и на политичката елита ДУИ да кажувате дека тоа ќе биде националното знаме. На страниците на интернет ги има знамињата на Албанија, почитуван колега, како биле додавани точки, запирки, ваков двоглав орел, бел, црвен, зелен. Значи, имало можност и се менувало знамето на албанската заедница. Сега ние сакаме Уставот на Албанија да го имплементираме во законот за употреба на знамињата на заедниците.

**Љупчо Јордановски:** Господиное Адеми една минута.

**Абдилаќим Адеми:** Ние можеме да расправаме уште две недели  и не можеме да се убедиме. Сигурно дека законот за употребата на знамињата е обврска од Рамковниот договор и се заснова во Уставот на Република Македонија. Околу меѓународниот фактор, имаше конференција за печат еден ден откако се донесе законот од страна на Владата. Додека, околу тоа, дали можеме ние како политички претставници да го измениме знамето на една етничка заедница, јас овде говорам како претствник, политички претставник, не можеме, додека како припадник на етничката заедница знам кој е нашиот симбол.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓа Бонева три минути.

**Силвана Бонева:** Почитуван колега точно е тоа дека услов за влегување во Европската унија е имплементација на Рамковниот договор, но не и негова ревизија што го правите тоа вие сега со овој закон кој што ни го нудите и велите дека тој произлегува како обврска од Рамковниот договор. Понатаму, кажавте дека, дали сериозно го мислиме тоа и мислиме ли дека можеме да ви наметнеме друг симбол да употребувате освен оној кој што ги има длабоко корените во еден народ. Апсолутно ние не сакаме да наметнуваме симболи. Во духот на она што го кажувавте вие пратениците од ДУИ дека треба да има разбирање и широкоградост како што имала Владата разбирање и широкоградост, треба да има и од страна на албанската етничка заедница и на другите етнички заедници па да земат некои од симболите кои што се длабоко во корените на народот кои што го изразуваат нивниот идентитет, меѓутоа не се идентични со државните знамиња на туѓите држави. Кажавте дека суверенитетот не се повредува со знамето, бидејќи покрај него се вее државното знаме. Ако е така, зошто во Република Албанија македонското знаме не може да се вее пред државни институции, или зошто во Република Грција албанското знаме не може да се вее пред државни институции, или пак во Швајцарија каде што има мнозинство Албанци во една општина, во нивна општина не може на државни институции да се вее албанското знаме и имаме иљадници вакви примери од Америка, или од било која друга земја, значи пред државни институции не може да се вее друго етничко знаме, кое што во исто време е и државно знаме.

За празниците на етничките заедници апсолутно се соглсувам дека секоја етничка заедница си има свои празници. Меѓутоа, онака како што е дадено во законот се остава простор кој како сака и кога сака да си празнува. Ако сметате дека државата треба да им гарантира на службен начин празнување на етничките заедници треба јасно и гласно најпрво да донесете закон за празниците на етничките заедници, да се знае што е тоа што ќе се слави и ќе се празнува во државата Република Македонија од страна на етничките заедници, а дури потоа да вметнете одредба во законот која што ќе ви го гарантира тоа.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Адеми, една минута.

**Абдилаќим Адеми:** Да ми поставиш прашање зошто во Албанија не се употребува македонското знаме, или во Грција, зошто мене ме прашувате? Јас сум пратеник во македонското Собрание и обврските ми се овде во Република Македонија. Ова прашање сигурно треба да им го поставите на претставниците, службените претставници на Република Албанија и Грција. И јас овде можам да поставам прашање, како е регулирано во Република Бугарија, бидејќи ти имаш државјанство на Република Бугарија, имаш пасош на Република Бугарија и ова треба да го кажеш отворено.

**Љупчо Јордановски:** Процедурално госпоѓа Бонева.

**Силвана Бонева:** Господине претседателе, не смее да се дозволи во Парламентот на Република Македонија пратеници да искажуваат невистини, бидејќи не ги заштитува пратеничкиот имунитет од кажување на вакви глупости пред македонската јавност. Тоа не значи дека господинот  не може  да си добие кривична пријава која што ќе ја добие за ширење на невистинитости. А вас како претседател ве предупредувам кога некој од пратениците ќе почне да зборува тоа што не е на дневен ред во Собранието, дека треба да го прекинете.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓа Бонева ви дадов процедурално. И јас не знам што ќе каже пратеникот. Можеби требаше да го прекинам, моја грешка е, признавам. Бидејќи ако инсистирам да реагирате во секунда, тогаш требаше и јас да реагирам во секунда.

Повелете господине Шајноски, по втор пат.

**Драго Шајноски:** Благодарам претседателе. Како што рековте, еве уште еднаш се јавувам за збор со намера да придонесам во разубедувањето на позицијата да се откаже од овој закон бидејќи е штетен за македонските интереси. Во тој контекст ќе дадам пример со еден актуелен настан. Дискусијата ќе биде кратка со намера позицијата да може да ја задржи својата концентрација и да ме слушне, а не да се правда дека дискусиите на опозицијата се долги и не можат да ги следат со нужна концентрација во целост. Еве, и вака ќе се обидеме само да се освестат и да гласаат против овој закон. Дискусијата е по однос на член 2 став 2 од овој закон за употреба на знамињата на заедниците. Бидејќи 10 дена овде опозицијата упорно зборува и дава аргументи против овој закон, а позицијата молчи, што значи не смее, не знае, или не сака да одговори. Сметам дека единствен начин да и се укаже на позицијата што значи знамето за една држава е да појдат денес пред гласање , во Кондово и на тамошните јавни објекти да го истакнат македонското знаме. Ако тоа го сторат и се вратат живи и здрави и јас ќе гласам за овој

закон. Ги убедувам дека Албанците не само што знаат како да си ја бранат "својата" територија, туку се мајстори и во заземање нови. Ако не е значајно и нема никаква суштина кое знаме каде се вее, еве обидете се денес да го направите она што ви го предложив, ставете македонско знаме на зградата на општината во Кондово и не мора да одите, да се обидувате во други држави. Знам дека нема да го прифатите мојот предлог, знам и зошто. Затоа што и вие знаете дека после усвојувањето на Законот за територијална организација на Република Македонија некои територии од Македонија веќе и не се достапни за Македонците, а камоли за македонското знаме.А кога не е можно да се вее македонско знаме на одредена територија? Па кога таа територија не ја контролира власта, кога друго знаме се вее таму како знак дека друг владее со таа територија и се разбира нема место за две државни знамиња на ист јарбол. За да се промени ситуацијата во Кондово да поставите македонско знаме...

**Љупчо Јордановски:** Господине Шајноски, ве молам по текстот на законот, спомнете член.

**Драго Шајноски:** Имам уште една мисла. Значи, за да се промени ситуацијата во Кондово да поставиме македонско знаме ќе треба или бесконечни преговори, или брза акција во која може не дај Боже да има жртви од двете страни. Тоа господа од позицијата е симболиката на знамето како знак за владеење со една територија Тоа не е само форма. Знамето има длабока духовна симболика за врската на граѓаните од секоја држава со територијата. За таа симболика се даваат и животите. Заради тоа не треба да си играме со законот за употреба на знамињата за да решаваме некои дневно политички проблеми во коалицијата на власт. Денешните решенија за знамето ќе остават траги и во иднината за која ние сега сме одговорни, Колеги од позицијата, имате време до гласањето, обидете се да излезете од партиските стеги и гласајте по своја совест и налогот од вашите гласачи.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Чедомир Краљевски.

**Чедомир Краљевски:** Почитуван претседателе, со оглед на тоа што сме во фаза на расправа по текстот на Законот, јас во својство на координатор на пратеничката група на ВМРО-Народна партија накратко ќе ги изложам главните тези и ставови со кои пратеничката група на ВМРО-Народна партија низ деновиве на расправа се спротивстави генерално на целиот понуден законски текст, а посебно на текстот на членовите 2,3,4,5 и 6 од овој суицидален закон, велам самоубиствен закон. И се праувам, што е полошо и поопасно за Македонија, дали кога врз неа се атакува со сили од внатре и од надвор вон од институциите на системот, или пак со сили од внатре преку институциите на системот. Бидејќи Владата е таа што го нуди овој катастрофален закон, а парламентарното мнозинство е тоа што ќе го усвои овој закон. Дел од дискусијата има и процедурален карактер и затоа би ве замолил за трпение од десетина минути. После тоа барем што се однесува до пратеничката група на ВМРО-Народна партија можете да си пристапите кон гласањето.

Почитувани пратеници, уште на почетокот на расправата за законот за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија Пратеничката група на ВМРО – Народна партија најави дека на секаков легален начин ќе се противи на донесувањето на овој закон и со така понудена содржина. Тоа го чинеше и го чини се со цел да го заштити суверенитетот, државноста и интегритетот на Република Македонија. Во текот на расправата пратениците од пратеничката група на ВМР-Народна партија тргнувајќи од тоа дека државното знаме на секоја држава е симбол и атрибут на државата што симболизира воспоставена организирана власт врз население што живее во границите на државната територија. Укажаа на потребата да се нормира, какво не смее да биде знамето на етничката заедница во Република Македонија, односно дека не смее да биде идентично со државното знаме на странска држава и дека легализацијата, односно озаконувањето на можноста за употреба, а и самата употреба на државно знаме на друга држава во јавниот и службениот живот во Република Македонија е грубо нарушување на суверенитетот на Република Македонија што наговестува и ќе произведе други последици во насока на деструкција на суверенитетот, интегритетот и унитарноста на Република Македонија, Понатаму укажавме дека озаконувњето на можноста за употреба на државно знаме на друга држава во Република Македонија е без преседан во светската теорија и пракса и е спротивно на сите меѓународни стандарди, правила и конвенции што ги регулираат прашањата за употреба на знамињата. Во контекст на ова повикавме предлагачот на овој закон да го стави Предлог-законот во мирување се до добивањето на валидна меѓународна правна експертиза за понудениот закон. Ова нешто е впрочем и боврска од точката 7.1. од основните принципи на Рамковниот договор каде што стои дека прашањата за знамињата на етничките заедници и нивната употреба ќе се регулира во согласност со меѓународните правила и примени. Исто така укажавме дека со овој и ваков закон уште еднаш се врши пробивање на Рамковниот договор на начин што се допушта поставување на знамето на етничката заедница не само на предната страна од локалните јавни објекти како што децидно стои во точката 7.1. од основните принципи на Ремковниот договор, туку и во внатрешноста на локалните јавни објекти. Прво пробивање. И не само пред локалните јавни објекти, туку и пред сите објекти на централната државна власт во кои спаѓаат објектите и институциите на извршната и судска власт. Второ пробивање. И не само пред цитираните објекти на централната власт, туку и во нивната внатрешност. Трето пробивање.

Тука морам да истакнам дека пробивањето на Ремковниот договор оваа гарнитура на власт што значи коалицијата СДСМ, ДУИ и ЛДП не го чини по прв пат. Само да потсетам, тоа го направи и со Законот за Тетовскиот универзитет кога приватната забава вон сите образовни стандарди ја легализира во државен универзитет финансиран од Буџетот на Република Македонија, како и со Законот за територијалната организација на единиците на локална самоуправа во Република Македонија, популарниот Закон за територијална поделба на општините во Република Македонија со кој се изврши поделба на Република Македонија по етнички критериум и се трасира патот на трансформација на Република Македонија во бинационална федерација. Тука би упатил и критика до Владата на Република Македонија од процедурален карактер која не го удостои овој Парламент во одбрана на овој неодбранлив закон да биде премиерот, или министерот за правда и тоа токму по прашањата на усогласеноста на овој закон со меѓународните правила и со Рамковниот договор, наместо тоа во најголем дел Предлог-законот го бранеше заменикот министер за правда Субхи Јакупи кој од субјективно објективни , или од објективно-субјективни причини не беше на ниво на задачата, а сопствената немоќ за аргументирана расправа ја криеше зад процедуралната синтагма , амандманот не се прифаќа, или во судски жаргон го бранеше законот со молчење. Во текот на расправата бевме конструктивни и понудивме амандмани на текстот на Предлог-законот со кои решенија не задирајќи во правата на заедниците, го потенциравме суверенитетот на Република Македонија што е всушност персонификација на демократскиот систем на власт на државата добиен од сите граѓани државјани на Република Македонија и кое е така да речам заедничко и збирно право на сите граѓани. Не може да биде намалено, или нарушено од било кое поединечно, или колективно право. Отидовме и понатаму. Понудивме целокупнава постапка по овој закон да се замрзне и да се отпочне постапка околу донесување на ново државно знаме, се разбира со консензус на сите етнички заедници. Тоа ново знаме би го одразувало суверенитетот и унитарноста на Република Македонија и воедно би го изразувало идентитетот на македонскиот народ и на сите етнички заедници во Република Македонија и притоа не би имало потреба од употреба на други знамиња на етничките заедници во јавниот и службениот живот во Република Македонија, особено не, ако тие знамиња се идентични со државните знамиња на странски држави. За жал, сите овие наши заложби барем до сега не се ефектуираа. Нашите предлози беа одбиени најпрво од претставникот на Владата, а потоа и од парламентарното мнозинство сочинето од пратениците на СДСМ, ЛДП и ДУИ кои од своја страна би рекол нестрпливо го очекуваат моментот на конечното гласање по овој закон. На ова место, повторно ќе прашам, дали ќе има крај почитувани пратеници на непринципиелноста и леснотијата со која владеачката коалиција на СДСМ, ЛДП и ДУИ ги донесува судбинските закони од типот на Законот за територијална поделба на општините во Република Македонија и овој закон со кои закони се подјадува државноста, суверенитетот, унитарноста и интегритретот на Република Македонија. Разбирливо дека стабилните меѓуетнички односи се услов за секаков прогрес на Република Македонија. Но, дали со носењето на овој закон кој е плод од една страна на зациментираната непопусливост на албанскиот фактор во Република Македонија, а од друга страна на конзистентната политика на попусливост на СДСМ кон својот коалиционен партнер ДУИ, ќе биде исполнета главната идеа на Рамковниот договор, а таа е, во духот на меѓусебно разбирање и толеранција секогаш со меѓусебно договарање и консензус да се решаваат прашањата што ги тангираат односите меѓу етничките заедници во Република Македонија, а се со цел да се зацврсти стабилноста на меѓуетнички план.

Одговорот на ова прашање е негативен. Овој закон ниту е донесен со консензус, со меѓусебно разбирање и толеранција, ниту со уважување на стандардите и вредностите што за овие прашања важат секаде во светот. Ниту пак ќе се постигне целта-покачувањето на ниво на стабилност на односите на меѓуетнички план во Република Македонија.

Патем речено, не е точно и тврдењето дека со носењето на овој закон, со кој се зголемуваат правата на етничката албанска заедница во Република Македонија не се задира, односно не се редуцираат правата на другите заедници во Република Македонија во квалитативна и квантитативна смисла на зборот.

Точно е тоа дека правото на оваа заедница да има можност да употребува во јавниот и службениот живот државно знаме на странска држава, истовремено значи намалување или загрозување на суверенитетот на Република Македонија, што воедно значи намалување на правата на граѓаните на Република Македонија кои не припаѓаат на албанската етничка заедница, бидејќи суверенитетот е синоним за пренесеното право на секој граѓанин на Република Македонија врз државата, истата да востанови и воспостави државна власт на целата своја територија.

Почитувани пратеници, со оглед на извесноста од изгласувањето на овој закон од страна на пратениците на парламентарното мнозинство СДСМ и ДУИ, на нас пратениците од ВМРО-Народна партија кои сме доведени пред свршен чин не ни преостанува ништо друго освен да покренеме иницијатива пред Уставниот суд на Република Македонија за оценка на уставноста на овој закон на кој начин, во рамките на институциите на системот, ќе ја продолжиме борбата во овој и ваков закон да не влезе во сила.

101-11/19.-

А, во овој момент, како израз на противење на донесувањето на овој закон, би рекол како израз на поголем степен на противење и од самото гласање против, пратеничката група на ВМОР-Народна партија нема да присуствува во салата на чинот на гласањето кој што чин, ВМРО-Народна партија, другата опозиција и сите добронамерни граѓани на Република Македонија го квалификува, во најмала рака, како непатриотски чин.

Од ова место ги повикувам и сите пратеници, парламентарни групи од опозицијата, па и сите пратеници од ова Собрание, кога ќе дојде моментот на гласање на овој закон да ја напуштиме салата на Собранието за да можат сонувачите на сонот на Љупчо Јордановски сосема исклучени од реалниот живот и собития и без слух кон потребите на сите граѓани на Република Македонија, не вознемирувани од нас, да продолжат да сонуваат. А, пратениците на ДУИ потајно да се радуваат на уште еден неуспех на Република Македонија. Со таа разлика што овој пат до радоста стигнаа низ институциите на системот и со клучна подршка на Социјал демократскиот сојуз на Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Краљевски, само јас да ви кажам, точно, јас сонувам, но со отворени очи, ако тоа нешто ви значи.

Господине Ѓорчев, повелете имате збор.

**Марјан Ѓорчев:** Почитуван господине претседателе, почитуван господине заменик министер за правда, почитувани дами и господа пратеници,

Јас дискутирав при утврдување на Предлогот за донесување на закон и логично, редоследно, се јавувам и сега во дискусијата по Предлогот на законот.

Ќе тргнам од причините на кои што се потпира овој закон.

Предлогот на закон за употреба на знамињата на етничките заедници во Република Македонија својата изворност ја базира во Амандманот римско осум, кој што на 16.11.2001 година веше преточен во измена на членот 48 и станува составен дел на Уставот на Република Македонија. А, во членот 48, Уставот на Република Македонија предвидува право на припадниците на заедниците слободно да го изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и особености и со употребата на симболите на својата етничка заедница. И толку. Толку е членот. Не кажува никаде каде, како, Уставот, и понатаму ќе се употребуваат на кој начин симболите на етничките заедници.

Второ, според основните начела, овој закон е во коализија, иако вели дека го почитува начелото на законитост, овој закон е во сериозна колизија со Уставот на Република Македонија, затоа што темелна вредност на Уставот на Република Македонија ја кажавме кога ја донесовме 18-те уставни амандмани што станаа дел од Уставот и Рамковниот договор се прелеа во Уставот на Република Македонија , дека тој е граѓански Устав на Република Македонија и има граѓански карактер. Значи дека носители на суверeноста, на државноста и територијалниот интегритет на Република Македонија се граѓаните на Република Македонија, а не етничките заедници.

И, второ, објективноста и еднаквоста е почитување на правото, исто така тука не е запазено, затоа што мајоритетот на оделно етничка заедница преферира доминација на етничка заедница што е во мнозинство над етничка заедница што нема бројки, проценти, а која што е исто така застапена на територијата на Република Македонија. Тоа е сериозен конфлик и сериозна колизија со Уставот на Република Македонија.

Ќе тргнам сега по членовите, затоа што сметам дека редно е да продискутираме на начин што ќе значи афирмација на граѓанската димензија на Уставот на Република Македонија, што многу малку тука беше застапувана. Ќе се задржам на членовите 2, 3 и 4.

Членот 2, ставот 2 укажува на тоа, од Предлог законот, како етничките заедници го избираат своето знаме со кое што го изразуваат својот национален идентитет. При тоа, никаде, ни во историската пракса, ниту во научната пракса на Република Македонија не е кажано кој метод, кој начин, која постапка, кој е процесот на донесување одлука за употреба на таков или ваков симбол на етничка заедница, дали е тоа историски метод, дали е тој граѓанско-плебисцитарен метод, дали е тој обичаен метод?

Во таа насока се навраќам на една дискусија за време на Рамковниот договор како учесник во Охрид, како дел од тој Рамковен договор, духот на тој Рамковен договор, кога се дискутираше за платформата за решавање на албанското национално прашање, донесена од Албанската академија на науки и уметности во 1998 година, каде што заложбата за употребата на албанското национално знаме во Република Македонија е содржано на страница број 46. Тоа е Платформа од која што изворно се црпи сега правото на употреба на знамето на албанската етничка заедница во Република Македонија , како симбол би рекол, пред се, на припадниците на таа заедница, меѓутоа за тоа црпат извори не во Уставот на Република Македонија, не во позитивните закони, туку во нешто што претставува туѓа Платформа што не е дел од државата Република Македонија , а државата Република Македонија, тоа се граници, тоа е Устав, тоа е државно знаме, химна и грб на Република Македонија.

Одтука, теоријата што е лансирана во таа Платформа за решавање на албанското национално прашање е теорија анахрона од времето на Мао Це Тунг "за етнички животни простори на нации и народи или делови на народи". Тоа е теорија што е напуштена и не може да најде место во граѓанскиот карактер на

Уставот на Република Македонија и во граѓанското македонско општество.

Уставот на Република Албанија, впрочем во членот 8, став 1 не дозволува претензии за етнички третман и за етнички претензии од други делови на народи, дали во Јужен Епир или дали на Голо Брдо и Пустец каде живеат припадници на неалбанскиот народ, туку многу јасно кажува дека територијата на Република Македонија е единствено суверена и неделива.

Одтука, Собранието на Република Македонија, согласно на овој член мора да го отелотворува Уставот на Република Македонија со позитивни законски прописи, а не да го крши Уставот на Република Македонија и тука, единствен верификатор е македонското граѓанство што го сочинуваат сите етнички заедници кои живеат во Република Македонија заедно со конститутивниот македонски народ. Затоа што, ќе ни простите, не можете да бидете конститутивна етничка заедница и во Република Албанија, каде што албанскиот народ е конститутивен и да бидете конститутивен народ како дел од албанската етничка заедница и во Република Македонија. Дел од една етничка заедница во друга држава, тоа се нарекува малцинство по сите европски стандарди и меѓународни критериуми.

Ние мораме јавно да проговориме за проблемите во македонската држава, а тоа е и во членот 3, каде што се дозволува употреба на симболите на етничките заедници во јавниот, службениот и приватниот живот и во членот 4, каде што се дозволува употреба на симболите на етничките заедници пред единиците на локалната самоуправа.

Каде е тука граѓанската димензија, каде е тука територијалниот интегритет на Република Македонија? Зарем единиците на локалната самоуправа е политичко-етнички, е сочинета по политичко-етнички критериум? Или единицата на локалната самоуправа е орган на државната административна управа, четвртата власт во Република Македонија ? Ако е тоа така, граѓанскиот пристап кон македонската држава го исцрпува однососот на државјаните на Република Македонија, а тоа сме сите ние кои седиме тука во македонскиот Парламент, инаку не би можеле да седиме тука во македонскиот Парламент, кои имаме и права како граѓани, но имаме и обврски. Нашата обврска во однос на симболите се исцрпува одкако граѓани, со почите, на секоја педа на македонската територија единствено со почит и респект кон македонското знаме, македонската државна химна и македонскиот државен грб. Како што тоа право го имаат сите други народи околу нас, албанскиот народ во Албанија, српскиот народ во Србија, грчкиот во Грција и бугарскиот народ во Бугарија. Тоа право и Македонците го имаат. Од сите државјани во Македонија, македонци, сите државјани кои имаат македонски пасош и кои живеат на територијата на Република Македонија, затоа што почитувани дами и господо пратеници, ние сме унитарна држава, единствена, независна, суверена и самостојна.

Од тие причини, преку установите на локалната самоуправа се изразува припадноста кон македонската држава единствено и само со знамето на локалната самоуправа покрај државното знаме и грбот на локалната самоуправа што има во себе можности да го изрази и националниот идентитет. Додека националниот идентитет на било која заедница, вклучително и албанската заедница со Уставот на Република Македонија е неспорен и гарантиран.

Граѓанската димензија на македонската држава, тоа е правна држава, а симболи на таа држава се државните органи пред кои што може единствено да се вее само македонското државно знаме. Потоа, политичките партии што го употребуваат, ако се од друга етничка заедница и симболите на етничката заедница и на крај, човечката индивидуа, неговото семејство, неговите здруженија, спортски, културни, историски кои имаат право во приватниот живот да го негуваат своето историско или ако сакате обичајно или државно знаме на територијата на цела држава Република Македонија. Ова граѓанска димензија го елиминира етничкиот дискурс, пред две години Република Македонија играше на територијата на Шпанија, државата Шпанија со Баскиската репрезентација во Билбао. Таму се вееше шпанското знаме и знамето на Република Македонија, а не баскиското знаме.

Само како компарација, со европска држава.

И на крајот, националниот идентитет се изразува во граѓанско и цивилно општество, единствено и исклучиво во приватниот живот. Зошто? Затоа што приватниот живот е света работа, темел и фундамент за опстанокот на модерна, македонска, европска држава, што има еквивалентен однос и кон државата Република Македонија и кон човековите права и граѓански слободи, за кои што во 2001 година се водеше борба. Но, за индивидуални човекови права и граѓански слободи што ги гарантира Уставот на Република Македонија и националниот ентитет на сите кои живеат на територија на Република Македонија е строго интимна работа на човекот и неговото семејство и сеој човек има право да си го изразува својот национален идентитет од своето раѓање до неговата смрт во сферата на приватниот живот која што, пак ќе повторма, барем јас се надевам дека во Република Македонија е фунадмент на нашата модерна современа македонска држава.

Од тие причини што ги наведов како сериозен конфликт на овие позитивни законски прописи во членовите 2, 3 и 4 со Уставот на Република Македонија , пратеничката група на Земјоделска народна партија нема да учествува во чинот на гласањето, затоа што сметаме дека тоа е чин за донесување закон што е противуставен и против граѓанската димензија и граѓанскиот карактер на Уставот на Република Македонија.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам за ветеното дека ќе бидете кратки.

Господине Рафис Алити имате реплика?

Повелете, три минути.

**Рафис Алити:** Ви благодарам господине претседател.

Навистина, пратеникот Марјан Ѓорчев цело време говори за граѓанската димензија. И, добро е што говори така, но во Република Македонија е вистина и тоа што го кажа и самиот тој дека имаме и етнички заедници кои живеат во оваа држава, пред да се формира оваа држава или да се донесе овој Устав на Република Македонија.

Но, јас би го потсетил господинот Марјан Ѓорчев дека истата реторика или истите зборови, посебно ние албанците сме ги слушале во текот на уставните измени што се направија во 1989 година, од господинот Тито Беличанец и други кои се повикуваа на една граѓанска Македонија. Но, Албанците, со тие измени од Уставот што се предложија во тоа време им се спречи и комуникацијата на нивен мајчин јазик и во приватна употреба. Што значи дека се повикуваат на една граѓанска Македонија, но со тие измени кои се направија во тоа време, им се овозможи на припадниците, не само на албанската етничка заедница, туку и на другите да комуницираат само во нивните домови на нивен мајчин јазик.

И, тоа тогаш, господине Марјан, се викаше граѓанско право. И вие говорите за индивидуални права. Е факт е дека секој граѓанин треба да ужива индивидуални права, но истовремено да ужива и колективни права. Не е добро во име на граѓаните некој да се повикува дека една заедница или една личност да не може да ги ужива правата на тој колектив итн.

Затоа, не случајно се случи 2001 година, бидејќи некој беше во минатото дискриминиран во Република Македонија . Не ги уживал неговите права. Токму поради тоа се случи. Не дека некој го направи тоа, бидејќи размислуваше многу, туку едноставно да ги добие своите права. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Ѓорчев повелете, една минута контра реплика.

**Марјан Ѓорчев**: Почитуван господин пратеник Рафис Алити,
Сакам да кажам само едно, Конфучије вели "Немој да му го правиш на друг она што не сакаш да ти се прави тебе". Македонскиот граѓанин својата државност и својата припадност кон Македонската држава нема на друго место каде да ја изрази освен во државата Република Македонија. Оттука, сите дискусии по повод дискриминациите по сите други етнички заедници ги сведувам на едно, во овој момент, со ваков закон, дискриминиран е македонскиот граѓанин односно припадниците на македонскиот народ кои со крв, кои со жртви, заедно со сите други етнички заедници ја создале оваа Република Македонија како заеднички дом на сите македонски граѓани.

Тоа е мојот конечен одговор.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева повторно барате збор?

Повелете.

**Силвана Бонева:** Претседателе, на крајот од повеќедневната расправа сакам да го искажам, односно да го повторам ставот на пратеничката група по однос на гласањето на пратеничката група на ВРМО-ДПМНЕ по однос на гласањето за законот за употреба на знамиња на етничките заедници, бидејќи, според нас, овој закон е неуставен, овој закон го гази суверенитетот на државата Република Македонија и овозможува делење на суверенитетот. Прави и отвора можности за федерализација на државата на Република Македонија, заради тоа што овој закон е против Рамковниот договор, бидејќи го отвора и го ревидира Рамковниот договор, значи, не претставува обврска од Рамковниот договор онака како што е напишан. Бидејќи овој закон е во колизија со овеќе одредби од постојните закони, донесени од Парламентот на државата Република Македонија и тоа Законот за знамето, грбот и химната, Законот за локална самоуправа, ние пратениците од ВМРО-ДПМНЕ нема да учествуваме во гласањето по овој закон.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Лалчевска повелете.

**Ристана Лалчевска:** Господине претседателе,

Не сакајќи да носи на совест, Либералната партија нема да учествува во гласањето на овој закон, затоа што законот е катастрофално лош, задира во Уставот, во колизија е со други закони и мислам дека ќе има непожелни реперкусии по суверенитетот на државата, па затоа ќе го напуштиме гласањето.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидеќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Сега прогласувам пауза а во 15,00 часот ќе продолжиме со гласањето.

(Пратениците отидоа на пауза во 13,42 минути)

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,03 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутните, ве молам.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Благодарам, сега се присутни во салата 63 пратеника.

Бидејќи го заклучив претресот по текстот, ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандман 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има

мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 50 гласале за, 8 воздржани и 4 против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот молам да крене рака.

Дали има некој против? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

На седницата присуствуваат 20 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Од нив за Предлогот на законот гласаа 18 пратеници, против гласаа 2 пратеници, а од гласањето никој не се воздржа.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за употреба на знамиња на заедниците во Република Македонија .

Почитувани пратеници овде ќе ја прекинам оваа седница, ќе продолжиме со следната седница која што е најавена, затоа што тука е претставникот Народниот правобранител, околу изборот на новите заменици на Народниот правобранител, па потоа ќе се вратиме назад.

(Седницата прекина во 15,08 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,47 часот).

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа.

**Минуваме на точката 17 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на сведоци.**

Предлагачи на оваа точка се пратениците Рафис Алити, Недим Рамизи, Аднан Јашари и Јани Макрадули.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и Дописот на Законодавно-правната комисија и на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците и Мислењето на Владата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам потпретседателе.

Јас очекував предлагачите на овој закон да дадат образложение за ова што го предлагаат. Мислам дека по Законот за заштита на сведоци се водеше доста голема дискусија и тргнувајќи од овие два члена кои се предлага да се променат, членот 6 и членот 12, Законот кој што ни е предложен, Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на сведоци е составен од три члена и тоа членот 1 од Законот за заштита на сведоци ("Службен весник на РМ" број 38/2005 година), во членот 6 став 1 точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "имајќи ја предвид соодветната и правична застапеност на припадниците на заедниците" и во членот 12 по став 3 се додава нов став 4 кој гласи: "При составот на одделението ќе се има предвид соодветната и правична застапеност на припадниците на заедниците" и членот 3: "Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во Службен весник на РМ".

За што всушност се работи? Во членот 6 стои: "Советот е составен од пет члена. Членови на советот се: претставник на Врховниот суд на РМ од редот на судиите, претставник од Јавното обвинителство на РМ од редот на замениците јавни обвинители, директорот на Управата за извршување на санкциите во Министерството за правда, претставник од Министерството за внатрешни работи и раководителот на одделението во Министерството за внатрешни работи.

Членовите од ставот 2 на овој член имаат свои заменици кои се претставници од истиот орган на членовите кои ги заменуваат. Членовите на советот односно нивните заменици ги назначува и разрешува функционерот кој раководи со органот што го претставуваат.

На овој начин ние ќе треба во сите овие членови од колку што е составен, значи 5 члена, колку ќе биде тоа, еден човек или двајца во овој состав, да бидат од етничките заедници. Мислам дека начинот на кој ова е предложено во законот и со овој закон апсолутно не одговара, затоа што ние ниту можеме на овој начин да делуваме, бидејќи се работи за една многу чувствителна област како што е заштитата на сведоците, за кои говоревме, и сега не ќе можеме да репродуцираме луѓе кои во моментот доколку ги нема ќе треба да ги измислиме за да бидат членови на овој совет. Тоа истото се случува и во членот 2, каде што се формира одделението и мислам дека природно по себе и во членот 1 и во членот 2 такви луѓе има и чудно е што господата предлагачи на законот веќе предлагаат амандман со кој предлагаат членот 2 да се брише. Сега од три члена доаѓаме до два члена, членот 2 се брише, а од друга страна и покрај тоа што кажавте дека имаме мислење на комисиите за тоа што и како треба да биде донесено, имаме мислење и на Влада од 27.06.2005 година, каде што се кажува дека на седницата на Владата одржана на 22.06.2005 година го разгледа Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на сведоци, поднесен од група пратеници и заклучи да му предложи на Собранието на РМ да го прифати членот 1 од Предлогот на законот за заштита на сведоци предложен од група пратеници. Доколку ова беше вака, јас не знам зошто Владата во својот

закон, кој го донесовме пред помалку од еден месец и тогаш говоревме во Собранието повеќе од два дена, не најде за потребно тогаш да интервенира со свој амандман и сето ова да го реши. Значи повторно договори, повторно дневни политики и повторно начин на кој еден закон уште не донесен трпи промена. Тоа што го говоревме, ова што треба да се направи, еве бидејќи никој не се јави за збор од предлагачите, а тука ја нема ни министерката да објасни како Владата го прифатила сето ова, тогаш останува јас да гласам против донесувањето на овој закон, затоа што при расправата по законот тогаш кога го донесовме кажав дека ова е чувствителна работа и апсолутно несвојствено, можеби тука ќе има и двајца или тројца претставници од етничките заедници, а начинот на кој ние дефинираме дали треба да биде прифатлив на етничка заедница или не мислам дека само квалитетот и она што треба да го понуди Врховниот суд, Јавното обвинителство, Управата за извршување на санкциите во Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи и раководителот на одделението на Министерството за внатрешни работи се токму тие кои треба да ги дадат своите кандидати без никаква обусловеност. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Има збор еден од предлагачите на законот, господинот Аднан Јашари.

Повелете господине Јашари.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине потпретседател.

Како што знаеме сите, пред извесно време ова Собрание го донесе Законот за заштита на сведоци, Закон кој покрива значајна кривично правна област. Имајки го предвид фактот дека од ова Собрание се донесени многу закони и речиси во сите закони, кога станува збор за правичната и соодветна застапеност во одредени органи, се постапува на овој начин како што е предложено со овој Предлог на закон. Советот за заштита на сведоци, како орган кој се предвидува во Законот за заштита на сведоци, во текот на донесувањето на Законот за заштита на сведоци овој принцип е запоставен. Затоа ние како предлагачи одлучивме, за да го усогласиме овој дел на текстот на овој закон со уставниот амандман за правична и соодветна застапеност го предложивме овој закон, кој сметам дека има уставен основ.

Сакам да нагласам и уште нешто. Во сите советодавни органи, што се предлагаат според одредени закони, би рекол начелно или општо се предвидува соодветна и правична застапеност заради одредени технички причини оваа застапеност не беше предвидена во текстот на Законот за сведоци и тоа е причината зошто ние како предлагачи го предлагаме овој Предлог-закон. Со тоа сакам да нагласам дека Мислењето на Владата за овој дел за кој говорам е позитивно, со исклучок на членот 1 за кој немаше позитивно мислење, додека ние како предлагачи сакајќи да помине овој предлог предложивме амандман и со овој амандман текстот на овој закон сме го усогласиле во целина со Мислењето на Владата. Поради ова усогласување ценам дека текстот и овој Предлог ќе ја има поддршката од парламентарното мнозинство. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Јашари.

Три минути реплика за господинот Спиро Мавровски, повелете.

**Спиро Мавровски:** Можеби ќе биде и пократко, јас го кажав моето мислење. Во секој случај, не ми е јасна само една работа. Вие го однесовте законот на 3.06.2005 година со овие три члена како што ги прочитав и немам намера повторно да ги читам. Кажувате дека поради технички причини тоа е испуштено. Ние како опозиција поради технички и поради глобални причини сме поднеле многу амандмани, но Владата не прифатила ниеден. За жал, и покрај неделни образложенија и сеанси до рано наутро, но после тоа се покажало дека сме било во право, ама останало така како што е. За среќа или за жал, сега вашиот Предлог на закон Владата многу брзо го прифати, но директно прашање до вас: На 28.06.2005 година вие го менувавте вашиот закон, значи го менувате ставот, каде што кажувате за советодавните тела, сега наеднаш имате друго решение, предлагате амандман со кој членот 2 го бришете каде што кажувате дека при составот на одделението ќе се има предвид соодветната и правична застапеност на припадниците на заедниците. Сега дали во првиот член сте во право или во вториот член сте во право ќе треба да објасните. Или договорот како што кажав поради дневни политики, договарање меѓу ДУИ и СДСМ односно конкретната коалиција што е на власт, ви дале за право членот 1 да биде прифатен, а членот 2 вие ќе го повлечете и така и волкот сит и овците на број. Но не е секогаш така, затоа што доколку постојат луѓе кои што се вредни и ја работат својата работа, воопшто е е битно од која етничка заедница доаѓаат, затоа што ова е многу сензитивна област, каде што кажавме дека Република Македонија влегува во нешто, за кое резултатите ќе имаме можност да ги видиме после година, две. Се надевам дека ќе бидат позитивни, затоа што како регион, посебно Македонија, претставува дел од балканскиот простор каде што се одвиваат сите овие продажби на оружје, дрога, манипулација со луѓе и се останато, така што ќе имаме големи проблеми и се надевам дека дел од тие проблеми нема да ги направат токму овие ваши предлози, забелешки и интервенции во законот, со кои некој понатаму ќе биде оневозможен да ја работи својата работа како што треба. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Повелете господине Јашари една минута контра реплика.

**Аднан Јашари:** Господине Спиро дали може да направите разлика меѓу факти од оспорен и неспорен карактер. Мислам дека вие предлагате амандмани, предлагате закони без одредени факти, или се од оспорен карактер, бидејќи секогаш амандманите кои ги предлагаме ги засноваме на факти кои се од неоспорен карактер. Затоа вашите предлози не се прифаќаат од Владата или парламентарното мнозинство. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Јашари.

Има збор пратеникот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, само малку да дообјаснам. Откако го разгледавме подетално како предлагачи овој Предлог на закон, увидовме дека во состав на одделенијата потешко би одела имплементацијата на она што е заложба и дух на амандманите на уставот, па затоа сосема се различни начините на имплементација, односно многу полесно можеме тоа да го направиме во членот 6, кога станува збор за едната институција, додека практично во однос на другата институција имплементацијата е многу потешка и затоа не е ништо чудно по консултации што заеднички ги направивме да остане само првиот член од нашиот Предлог на закон. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** За реплика се јави пратеникот Спиро Мавровски.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Очекував господинот Макрадули да објасни нешто повеќе, но сега не знам што е за советот полесно од одделението во Министерството за внатрешни работи, бидејќи таа правична застапеност е внесена во сите закони што ги донесуваме, а истото е и во одделението на Министерството за внатрешни работи. Не гледам тука што претставува проблем, за разлика од првиот дел каде што мислите дека нема проблем или полесно можете да се договорите со советот отколку за одделението. Ако веќе сте толку принципиелни, како што кажа претходно вашиот колега, а ние одиме без факти, вие со факти и аргументи, сега наеднаш си ги побивате и фактите и аргументите и кажувате дека едното е лесно, другото е тешко. Значи за вториот член сте немале факти и затоа Владата го одбила сето ова. Дали ние така да го прифатиме? Јас лично го одбивам и едното и другото. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Господине Макрадули, една минута контра реплика, повелете.

**Јани Макрадули:** Да, оваа коалиција и СДСМ е принципиелна и принципиелно оди на спроведување на имплементацијата на Охридскиот рамковен договор, амандманите, измените на Уставот, каде што се гарантира соодветната и правична застапеност на припадниците на заедниците и тоа е еден од приоритетите што оваа коалиција го имаше во градењето на поголема доверба во смирување на нарушената безбедносна ситуација што ја најдовме во 2002 година и со низата активности и закони што ги донесовме и преземавме, активности не само тука во Собранието туку и во Владата, ние сме далеку од ситуацијата во 2001 година, а сме многу поблиску до Европа.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Макрадули.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на сведоци.

Пред да преминеме на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Молам и службите нека го утврдат точниот број, за да знаеме колку пратеници се присутни во салата.

(Службите го утврдуваат бројот на присутни пратеници во салата, а во меѓувреме и повеќе пратеници влегуваат во салата).

Ги повикувам уште еднаш пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

**Слободан Најдовски:** Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 54 гласале за, пет воздржани и пет гласале против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 58 гласале за, еден воздржан, и четири против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Предлагачите на законот поднесоа амандман за бришење на член 2 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Констатирам дека нема пријавено за збор.

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 56 гласале за, 4 воздржано и 4 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на сведоци.

**Минуваме на 18-та точка- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за правата на прогонуваните и затвораните лица за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и на членовите на нивните семејства, со Предлог на закон**

Предлагачи на овој закон се пратениците: Блаже Стојаноски, Спиро Мавровски, поранешната пратеничка Елеонора Петрова-Митевска, Цветанка Иванова, Лилјана Поповска, Никола Груевски, Роза Топузова-Каревска и Силвана Бонева.

Молам, предлагачите кого ќе го овластат за овластен претставник на предлагачите за да не се јавувате сите.

Блаже Стојаноски е овластен претставник од Спиро Мавровски.

Дали останатите предлагачи се согласувате со овој предлог? (се согласуваме).

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, дописите на ЗПК, на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците и мислењето на Владата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

Има збор пратеникот Блаже Стојаноски.

Повелете господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Благодарам потпретседателе,

Законот за правата на прогонуваните и затвораните лица за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и на членовите на нивните семејства има уставна основа во членот 36 став 1 од Уставот на Република Македонија. Според него Републиката им гарантира посебни социјални права на борците од антифашистичката војна и од сите национално ослободителни војна на Македонија, на воените инвалиди и на прогонуваните и затвораните за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност, како и на членовите на нивните семејства кои немаат можности за материјална и социјална егзистенција. Во став 2 од овој член на Уставот, посебните права се уредуиваат со закон.

Овој закон чие дополнување се предлага на оваа седница е донесен од Собранието на Република Македонија одржано на 18 јули 2002 година.

Членот 2, потоа членот 4 став 2 и членовите 9 и 11 од овој закон беа укинати од страна на Уставниот суд на Република Македонија на 18 декември 2002 година.

Со цел да се усогласат одредбите на овој закон со Уставот на Република Македонија и со тоа овој закон да се направи применлив, предложени се одредби со содржина која е неопходна за задоволување на начелото на уставност.

Со овој Предлог закон за прогонувано и затворано лице за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и на членовите на нивните семејства, се дефинираат поимите затворано лице, осодувано лица на смрттна казна или на казна затвор, како и на лице кое е испратено на поправна или на дополнителна работа , како и интернирано лице.

Со овој Предлог закон за дополнување на Законот за правата на прогонуваните и затвораните лица за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и на неговите семејства се уредуваат правата на овие лица со одредби кои се јасни, прецизни и се целосно дефинирани. Со тоа се овозможува остварување на правата на овие лица и се уредува на чинот на кој тие овие права ќе можат да ги остварат.

Поради сето наведено, пратеничката група на ВМРО-Народна партија ќе го подржи овој закон, а сите предлагчи кои се припадници на различни парламентарни групи на ова Собрание, и заедно со сите нас како пратеници, се надевам дека ќе го подржиме овој закон и со тоа ќе го задоволиме и почитувањето на начелото на уставност, меѓутоа и остварувањето на имплементацијата на членот 36 од Уставот на Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојановски.

Има збор пратеникот Силвана Бонева.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам господине потпретседателе.

Со Уставот на Република Македонија од 1991 година, за прв пат се создадени уставни претпоставки за отстранување на историските грешки спрема една категорија на граѓани на нашата земја кои во еден долг период, поради своите идеи за слободна, независна и демократска Република Македонија , биле прогонувани и затворани ускратувајќи им ги елементарните човекови слободи и права. Имено со членот 36 од Уставот на Република Македонија, лицата прогонувани и затворани за идеите на македонската државност како и на нивните семејства кои немаат можности за материјална и социјална егзистенција, им се гарантираат посебни социјални права.

Операционализацијата на овие уставни определби е извршена со донесувањето и уредувањето на поголем дел во тие прашања со Законот за пензиско и инвалидско осигуруваењ, Законот за материјално обезбедување на учесниците во НОВ, Законот за правата на воените инвалиди, како и со Законот за правата нан прогонуваните и затвораните лица за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и на членовите на нивните семејства, чие дополнување во моментот го

предлагаме. Меѓутоа, токму во фазата на имплементација на Законот од 2002 година, за прогонуваните и осудуваните лица и нивните права, се констатираат одредени нејаснотии, недоречености и одсуство на објективизирани критериуми кои ја доведоа во прашање и уставноста на еден дел од одредбите на Законот, поради што следуваше и Одлуката на Уставниот суд со која 4 одредби се елиминирани од овој Закон, од правниот поредок, со што буквално стана неприменлив Законот за правата на прогонуваните и осудуваните.

Основната цел која сакаме да се постигне со овој закон е содавање на јасни и конкретни нормативни претпоставки за остварување на уставно загарантираните посебни социјални права на прогонуваните и затвораните лица за идеите и самобитноста на македонскиот народ и неговата државност, како и на членовите на нивните семејства.

Дефинирањето на тоа што е прогонувано лице, треба да произлезе од прогонот за идејата за независна демократска Македонија и последиците што ги трпеле луѓето заради тој прогон и затворање. Бидејќи облиците на прогонот биле различни, не е можно целосно да се систематизираат во една општа норма за да биде таа целосно дефинирана и определива. Меѓутоа, мислиме дека со консултациите што ги направи групата со многу експерти, имаме едно решение кое може да го стави во функција законот кој го предлагаме.

Почитувани дами и господа, денес Република Македонија е самостојна и независна суверена држава, членка на ООН, држава која ја потпиша Спогодбата за асоцијација и стабилизација и поднесе апликација за членство во ЕУ. Ова наше денес било сон на голем број генерации. Не само сон туку и реален ангажман на многу генерации македонски патриоти, не само во подалечното туку и во поблиското минато, кои заради нивниот ангажман доживеале страшни неправди. Нивната жртва на континуитетот за самостојна и демократска Македонија, без оглед на верата и националноста на нејзините учесници, треба да се цени и ревалоризира од самостојна Република Македонија. Тоа е нашиот морален долг и исправање на историската неправда направена кон овие македонски патриоти и конечно нивно изедначување со сите оние кои дале придонес во удирањето на темелите на самостојна Македонија.

Поради овие причини, не само потписниците, претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Груевски и јас, како и целата пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ, ќе го подржи овој предлог за донесување на закон за измени и дополнување на Законот за правата на прогонуваните и затвораните лица.  Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Госпоѓа Бонева, ќе прокоментирам. Вие ќе го подржите и ќе гласате за законот, вашиот претседател нема да гласа за законот, освен ако не дојде до времето за гласање.

Продолжуваме понатаму.

Има збор пратеникот Лилјана Поповска.

Повелете госпоѓа Поповска.

**Лилјана Поповска:** Почитуван господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Со овој закон Македонија ќе се вброи во земјите кои на цивилизиран начин се однесуваат кон своето минато. Овој закон е важен,  пред се како цивилизациска придобивка за држава што излегла од еден идеолошки обоен систем во кој идеологијата била над правдата. Таа била и над човекот и неговото право на свој став, различен од офоцијалниот. Така, сите оние кои тврдоглаво опстојувале на идеите за македонска државнсот, како идеал над сите други и тоа јавно го прокламирале, биле прогонувани, осудувани, затворани, интернирани, а некои дури и погубувани. Истата таа идеја поради која тие храбри луѓе страдале, сега ние ја живееме како реалност и како наш идеал во самостојна Република Македонија, а нивните пресуди се сеуште валидни. Ним сеуште им стои на челото срамниот печат на осуденик, државен непријател. Истиот неоправдан и неправеден срам се влече и по нивните семејства.

Затоа треба да ги преоцениме нивните пресуди и да им покажеме почит. Неправдите од минатото не можеме да ги избришеме, неможеме да обезбедиме морална сатисфакција и материјална надокнада за социјално загрозените. Тоа е најмалку што им го должиме на овие луѓе и на нивните семејства. Благодарение на нив имаше кој да го одржува заветниот оган и да им раскажува на децата и внуците дека идеал е да се има своја држава. За тоа во важно време имаше кој да каже дека Македонија нема да биде ничија бановина. Затоа во 1991 година, имаше кој да изгласа самостојност на Референдумот за осамостојување. Затоа сега македонските граѓани не го даваат македонското име, дури и ако наградата биде влез во ЕУ.

Овој закон е важен и поради потребата од идеолошко помирување на некогашните осудувани и нивните гонители, било да се работи за самите нив или за нивните потомци. Не треба да не фрустрира тоа што некои наши претци биле на една, други на друга страна. Тоа воопшто не е македонска специфика или обележје. Внатрешни разлики и определби во едно национално ткиво имало и кај народи со долга државна традиција. Ние не сме ни подобри, ни полоши од другите, имаме свој сопствен развој. Вакви и слични закони има во многу земји, во Хрватска, Германија, Унгарија, Бугарија,Албанија, Полска. Со овие закони се врши рехабилитација на неправедно осудуваните во одредени историски времиња, гледано од перспектива на стратешките национални интереси, според сегашните норми на

Меѓународниот правен поредок и стандардите за човековите права и слободи.

Очекувам колегите да го подржат законот и на крајот сите да чувствуваме дека сме надминале заеднички една неправда.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓа Поповска.

Има збор пратеникот Цветанка Иванова.

Повелете госпоѓа Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседателе.

Согласно член 36 од Уставот на Република Македонија , во 2002 година е донесен овој закон и тогаш пратеничката група на СДСМ, иако во опозиција гласаше за донесување на овој закон. Меѓутоа, нешто подоцна, во декември истата година 4 одредби од овој закон, од страна на Уставниот суд, со Одлука беа укинати и практично Законот како закон стана неприменлив и категоријата на луѓе, врз основа на овој закон што требаше да остваруваат права не можеа истите да ги остваруваат. Бидејќи Законот беше донесен со одредена цел беше формирана работна група во овој Парламент која работна група ги изработи дополнувањата на овој Закон, во смисла на доразработка на укинатите одредби.

Почитувани колеги, иако како предлагачи на овој од страна на СДСМ сме потпишани јас и госпоѓата Елеонора Петрова-Митевска, на која и изразувам посебна благодарност за ангажмонот околу изработката на овој закон, зад изработката на овој закон практично стои целата пратеничка група на СДСМ.

Со донесувањето на овој закон ќе се овозможи законски основ, оваа категорија на лица да ги оствари своите уставно загарантирани социјални права.

Уште еднаш потенцирам, како и во 2002 година, пратеничката група на СДСМ ќе гласа за донесување на овој закон. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам, има збор пратеникот Роза Топузова-Каровска.

**Роза Топузова-Каревска:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Со оглед на тоа Што во претходните дискусии, како од страна на овластениот претставник на предлагачите, така и од претходниоте дискутанти беше објаснета генезата на овој Закон, од неговото донесување во 2002 година, па преку укинувањето на одредени членови, со Одлука на Уставниот суд.

Јас нема да се задржам на тој дел, за да не би се повторувала по трет или четврти пат. Од друга страна пак сметам дека на сите нас ни се познати заложбите на овие луѓе за самобитноста на Република Македонија и нејзината државност, познато ни е дека тие навистина заслужуваат достојна почит кон нивното дело. Токму поради тоа сметам дека во овој момент нема потреба од било какви популистички дискусии. Само би сакала да кажам дека навистина со овој закон ќе се исправи една историска неправда која долги години ги следеше овие лица и нивните семејства. За мене не е толку важно што тие ќе уживаат посебни социјални права, како оние малубројни што сеуште се живи и нивните семејства, туку многу поважна е моралната сатисфакција која ќе ја имаат, како прогонуваните лица, така и нивните семејства.

На крајот сакам да кажам дека пратеничката група на ЛДП ќе го подржи законот.

(со седницата продолжи да раководи претседателот на Собранието на Република Македонија ,господинот Љупчо Јордановски)

**Љупчо Јордановски:** Господине Рафи Алити имате збор.

**Рафис Алити:** Благодарам претседателе,

Навистина е добро што се предлагаат вакви закони. Меѓутоа, ќе беше подобро да се предложеше предлог закон за рехабилитација на сите оние кои претрпеле последици во минатото, без оглед на кој систем.

Ние имаме неколку категории на граѓани кои претрпеле во текот на комунизмот, или во текот на 45-тите години и по нив . Сите поскомунистички држави имаат донесено закони и направиле рехабилитација на сите оние кои претрпеле или се интернирани, прогонувани, или некои биле осудувани на смрт итн.

Така што и во Република Македонија имаме доста семејства, доста граѓани, кои сеуште ги чувствуваат последиците од тој режим. Токму тука ние вршиме неправди кон другите категории што претрпеле во текот на годините, или изминатите периоди. Доколку се предлагаше предлог закон за сите оние кои што претрпеле во текот на тој режим, сигурно и ние како парламентарна група ќе гласавме за тој Предлог закон и ќе го поддржевме. Затоа, вака се предлга само за една категорија на грѓани, кои што објективно и тие имале последици. Јас ќе спомнам само за колективизацијата во текот на минатиот период што се правело во 47-те години, кога цели семејства се принудувале да се иселуваат, да ги оставаат своите домови, своите куќи, само затоа што им е одземен имотот и сето она со што го одржувале семејството, или некој од нив бил дури и стрелан. Имаме друга категорија кои што се стрелани, било во тетовскиот монопол, во Блаце или на други места, кои што исто така семејства страдале и ние како Собрание, како пратеници, или пак како демократска држава кој што сакаме да изградиме една подобра иднина, барем ќе беше упатно ова Собрание да донесе Предлог закон со кој што ќе се рехабилитираат сите оние кои што страдале од минатиот систем. Тогаш сигурно, ќе кажам повторно, јас ја разбирам иницијативата на пратениците кои што го побарале овој Предлог закон, да помогнат на семејствата кои што страдале за своите идеи, меѓутоа, ќе беше добро во вакви прилики и случаи да се прават поишироки консултации, да се опфатат сите

граѓани на Република Македонија, кои што страдале во минатото.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓа Лалчевска вие се пријавивте за реплика или за збор.

(за реплика)

Повелете има реплика три минути.

**Ристана Лалчевска:** Јас би сакала само кратко. Ние носиме закон со кој ќе ги рехабилитираме сите оние кои страдале за своите идеи во некои други системи. Точно насловот на законот е за права на прогонувани и затворани лица за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност.

**Љупчо Јордановски:** Се извинувам госпоѓо Лалжевска во што е репликата.

**Ристана Лалчевска:** На колегата му касжувам насловот на законот да не не го прочитал.

**Љупчо Јордановски:** Ќе ве задржам малку можеби три секунди или повеќе. Завршивте ли со репликата.

(Да). Ова беше најкратка реплика.

Господине Рафис Алити имате една минута, можете да бидете и пократки од госпоѓа Лалжевска.

**Рафис Алити:** Јас намерно не расправав околу тоа кои се оние критериуми каде ќе се документираат сите оние кои се бореле за своите идеи и тн. Затоа, со овој Предлог закон се остава простор да се злоупотребува овој закон.

Можеби некое семејство кое што воопшто нема врска и не страдало за овие идеи да влезе во оваа категорија инт. Меѓутоа, јас повторно ќе кажам зошто тогаш ние сите, треба да си поставиме прашање, сите Парламентарни групи зошто не сме предложиле досега Предлог закон со кој што ќе се рехабилитираат сите оние кои што страдале во минатиот систем.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Алити.

Има збор господинот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Господине претседателе, почитувани колеги пратеници, сакам накратко да го кажам своето мислење и еден свој коментар на досегашното кажување по однос на овој закон. Јас го почитувам мислењето на моите колеги пратеници, но во она да каже кој кколку поддржува и го прифаќа овој закон, дали намерно или ненамерно, незнам, пропуштија некои работи и сметам дека треба да ги кажеме. Спомнувајќи ги сите оние што придонеле за развојот за самостојноста на Република Македонија, намерно или ненамерно колегите ги заборавија оние кои што најмногу придонесоа, а тоа се луѓето кои што од 1941 до 1945 се бореа за ослободување на Република Македонија. Иако е тоа регулирано со друг закон, но и другите кои беа спомнати овде за кои што се регулирани одредени права по одредени закони, тоа го заборавија. Сакам да верувам дека тоа е ненамерно. Јас ги почитувам, а и сите граѓани на Република Македонија ги почитуваат сите оние кои што во историјата на Република Македонија на свој начин придонеле за ослободување за самостојност и за градење на Република Македонија. Исто така, посебно ги почитувам оние кои што имале свои различни идеолошки погледи во изминатиот период кога било тешко некаде до 1990 година да имаат и различни идеолошки погледи на одредени работи и тие се за почит. Сметам дека ваков закон кој што еднаш беше донесен, сега се настојува да се измени и да се дополни, сметам дека до крај не ги остварува целите.

Имено, од три работи сметам дека предлагачите со оглед на тоа што тие сега имаат само право да предложат измени, или пак да дообјаснат, или да корегираат. Имено, прво беше речено дека ќе се ревалоризирало нивното протерување, интернирање, работење. Од овој закон, тоа не го гледам. Така да, тоа првото објаснување кое што го даваат за тоа е проформа дадено.

Втора работа, членот 1-б, став 3, барем за мене е нејасен, иако можеби е добра намерата на предлагачите, но не смее да остави двосмисленост. Вели дека за лице испратено на поправителна или на принудна работа во смисла на член 1-а, точки 3 и 4 од овој закон се смета лице кое врз основа на правосилна судска одлука, и сега нагласувам, или на друг начин без спроведување на судска постапка било испратено на поправителна работа. Или потои судска пресуда, или не потои. Ако не постои судска пресуда односно постапка, тогаш мора да постои валиден документ со кој ќе се докаже. Не може да докаже некој со еден или двајца сведоци. Тоа време е поминато. Затоа сметам дека овој став е доста двосмислен и треба да посветиме внимание само на оние кои што биле со судска постапка правосилно осудени. Или членот 1-в, за прогонувано и затворено лице во смисла на овој закон се смета и лице кое е лишено од живот, или од слобода, без правосилна одлука. Ќе мора да се наведе тогаш, а од кој орган ако е ликвидирано, или лишено од живот. Значи од страна на државен орган. Не може некој ако на улица сретнало лице и од обична кавга, па вака би можеле да го протолкуваат некој. Затоа сметам дека сигурно некој ќе рече се живеело во такво време кога одредени работи се правеле без судски постапки. Се согласувам и со тоа, дека можеби за одредени случи нема судски постапки. Но сепак има орган кој што тогаш исвршил одредено дејствие. Затоа сметам дека во тие два члена да се дообјасни, односно да се допрецизира и на крајот да не спомнуваме дека нешто се валоризира, бидејќи со овој закон, апсолутно тоа го нема.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Хусеини имате реплика или збор? (Збор).

Госпоѓо Лалчевска имате збор.

**Ристана Лалчевска:** Господине претседателе се јавив за збор, само со една основна причина да кажам дека иако на почетокот кога беше најавена точката на дневен ред, незнам од кои причини ние не бевме кажани како предлагачи, а јас сум потпишана на Предлог-законот. Веројатно е некоја печатна грешка во вашиот стенограм, тоа ве молам да го исправите.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓа Лалчевска, кој работи тој и греши. Претпоставувам дека е грешка.

**Ристана Лалчевска:** Еве јас ви помагам да ја исправите грешката.

**Љупчо Јордановски:** Тие што не работат, а ги има многу, тие не грешат.

**Ристана Лалчевска:** Либералната партија во целост го поддржува законот, токму така како што е усогласен меѓу сите пратенички групи. Ве молам да ја поправите таа грешка.

Инаку, даваме поддршка за овој закон.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, значи госпоѓа Лалчевска е потписник и предлагач на овој закон. Ќе влезе во стенограмот.

Господине Хусеини Хусеинџеват имате збор.

**Хусеини Хусеинџеват:** Почитувани колеги би сакал да кажам неколку збора во однос на овој закон, со големо жалење ќе гласам против овој закон, бидејќи има еден голем дефект. Нема врска каков е насловот на овој закон, гледано од денешната временска дистанца. Говорам за минатото и од перспективата за иднината, бидејќи има дефект. Во овој закон ова е голема провеселна работа да се изготви овој закон. Мислам дека Владата може подобро да го изготви. И така Владата има негативно мислење за овој закон. Би сакал да ги опфати и тие Албанци кои патеа за една демократска Македонија. Можат да се видат сите обвинителни акти, сите одлуки за високи патења што ги имаа Албанците и секогаш се карактеризира како против државата, како против народот, а немало ништо против државата и народот, кога ќе се анализираат сите тие обвинителни акти, со еден голем процент зборувам. На овој начин ние и помагаме на иднината, со еден ваков заеднички закон, со една морална поддршка на сите семејства кои страдале и оние кои што се сеуште живи и со еден заеднички закон, мислам дека ќе им помогнеме, за да се чувствуваат рехабилитирани, да го отфрлат од себе тој голем товар што го носеле со години, со еден закон кој ќе ги опфати и Албанците. Мислам дека ќе им помогнеме многу и на еден голем број на Македонци, кои без ниедна желба во оваа дива албанска кампања, да им ја олесниме свеста на тие. Благадарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и ги повикувам пратениците да влезат во салата.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за правата на прогонуваните и затворените лица за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и членовите на нивните семејства.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вккупно 61 пратеник, 53 за, 1 воздржан, 7 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника, 55 за, 1 воздржан, 8 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот, на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? Нема пријавени, со тоа го затворам претресот по тесктот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 65 пратеници, 56 за, 1 воздржан, 8 против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

**Минуваме на точката 19. - Иницијатива за собирање 150 илјади потписи на избирачи за распишување на законодавен дополнителен референдум за преоценување на Законот за преобразба на Електростопанство на Македонија, АД за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост.**

Иницијативата и мислењата на Законодавно-правната комисија и на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Господине Србиновски имате збор?

**Илија Србиновски:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, пред нас како пратеници на дневен ред се наоѓа граѓанска иницијатива овој пат околу донесувањето на законот за распишување на референдум, на кој граѓаните на Република Македонија, непосредно би се изјасниле дали се за или против приватизацијата на најголемото енергетско претпријатие во Република Македонија, АД Електростопанство на Македонија.

Најпрво би сакал да констатирам дека оваа иницијатива поднесена до Собранието од страна на Здружението на граѓани од Битола, уште на 18 април 2005 година и покрај законските одредби на истата да се одговори во рок од 3 дена, истата најпрво се најде на Комисијата на Собранието дури на 9-ти јуни 2005, после цели три месеци да се најде на дневен ред на нашето Собрание. Но, било како, сега би сакал да се вратиме на темата

на оваа граѓанска иницијатива, а тоа е распишувањето на референдумот како најнепосреден демократски метод на одлучување на граѓаните, по однос на прашања од нивен личен интерес.

Имено, тема на овој референдум е одлуката на Владата на Република Македонија да изврши брза и целосна приватизација, или како што јавно беше оквалификувана, брза распродажба на најголемиот енергетски субјект во Република Македонија, Електростопанство на Македонија.

Уште во првиот момент, некаде во месец февруари о.г. кога Владата на Република Македонија преку Министерството за економија и консултантот кој за таа намена е избран од страна на Владата, го објавија моделот, методологијата и постапката, роковите за приватизација, методологиите и формулите за определување на цената на елекетричната енергија и слично. Во Република Македонија се подигна огромна лавина на негодување како кај стручната и професионалната јавност, така и кај сите граѓани на Република Македонија. Она што Владата го понуди и претстави пред македонската јавност, беше уште една катастрофална идеја за брзо, најтранспарентно оттуѓување на најголемиот енергетски субјект во Република Македонија, преку продажба на мнозински пакет над 51% од акциите, на некој странски стратешки инвеститор. Тоа што во тој момент го понуди Владата на Република Македонија не беше ништо друго, туку едноставна замена на еден државен енергетски монопол, со друг приватен енергетски монопол. Во тој пакет за продажба на енергетскиот суверенитет на нашата држава беа вклучени не само дистрибуциите, туку и сите производни капацитети, меѓу кои и нашиот енергетски гигант РЕК Битола, заедно со рудните наоѓалишта, кои годишно ја снабдуваа Република Македонија со преку 70% од нејзините целокупни енергетски потреби. Во владиниот пакет беа вклучени и сите хидроцентрали, кои покрај производството на електрична енергија, по најниска производна цена едновремено нудат и многу други поволности како за регулирање на електроенергетскиот пазар, така и во многу други области важни за опстанокот на нашата држава, а пред се за снабдување со вода за пиење, индустриска вода, вода за наводнување, иригација како и заштитата на животната средина.

Продавањето на овие хидроенергетски објекти беше крајно негативно оценето како за развојот на енергетиката, така и како удар врз водниот суверенитет на нашата држава. Не постојат други слични примери во останатите земји било тоа да се развиени европски, или пак земји во транзиција на продавање на водните ресурси, браните и хидроцентралите што значи и овој пат Македонија треба да биде предмет на експериментирање. Да биде ситуацијата уште полоша јавноста во Македонија слушна и такви одобрувања на одбраниот модел за приватизација од страна на Владата кои одеа во насока дека, ако не се продадат хидроцентралите никој нема да сака да го купи нашето Електростопанство. Или уште повулгарно кажано дека хидроцентралите се всушност мамката за да се пријават странските купувачи во овој процес на продажбата на АД. Електростопанство, или шлагот на тортата подготвена за стратешкиот инвеститор.

**Слободан Најдовски:** Господине Србиновски, би ве замолил да дискутираме за точката на дневниот ред.  На точката на дневен ред имаме конкретно референдумско прашање поставено. Ова за што вие дискутирате не е така референдумското прашање. Референдумското прашање не е за таа продажба, туку е за 30% од неговата вкупна вредност на ЕСМ. И затоа би ве замолил да се сконцентрирате на ова што е псотавено како референдумско прашање, дали се согласувате со ваквото референдумско прашање и дали треба да се подржи, или пак сте против. Во спротивно можете да си побарате информација и за тоа да расправаме за приватизацијата на ЕСМ. Тоа е во ред. Но, сега имаме точка на дневен ред,  ова референдумско прашање вакво како што е поставено дали е во ред, е уредно, или не е уредно. И кажете го вашиот став по однос на тоа. Би ве замолил да се сконцентрирате на ова. Благодарам, продолжете.

**Илија Србиносвски:** Благодарам почитуван потпретседателе, јас ќе ги кажам нашите ставови овде, имам понатаму точки кој како треба да биде и како не треба да биде и затоа оставете ме да се доискажам. Не може во една реченица човек да се искаже. Затоа ви кажувам дека јас ќе ги кажам моите ставови.

**Слободан Најдовски:** Да бидат поврзани со оваа точка.

**Илија Србиносвски:** Вие можете постојано да ме прекинувате, но јас ќе си ги кажам моите ставови.

Кога македонската стручна и научна јавност силно застана против овој модел на приватизација според Владата, односно процес на едноставна распродажба на целокупниот енергетски потенцијал на државата како што го окарактеризира целокупната останата јавност во државата, тогаш Владата и нејзините претставници почаа преку ноќ да ги менуваат своите преуранети и до крај недефинирани позиции околу целокупниот процес со ситни дневно-политички аргументации, манипулации и произволни трансформации на веќе понудениот модел. Сетете се само на јавните дебати преку телевизијата, радиото и пишаните медиуми, дебатите кои ги инициираа стручните здруженијај во земјава како и дебатите кои ги реализираше "Транспарентност Македонија". На тој начин еднаш кажаното веќе во следниот момент почна да не важи. Претставниците на Владата беа секогаш погрешно разбрани, или погрешно интерпретирани. Одеднаш веќе најавената

продажба на хидроцентралите се претвори во нов модел на нивно издавање под концесии на определен број години. Во светот не е познат модел на давање на концесија на веќе изградени објекти, туку само на нови за изградба, дефинирање на некакви режими на испуштање на вода и нивна работа, договори за сигурен откуп на произведената електрична енергија, што или уште не само со цел да се извлече процесот на длабоката бездна во која Владата и Министерството за економија истиот го вовлече со презентирање на моделот за продажба на АД. ЕСМ на странскиот инвеститор.

На крај беше потребно светските монетарни организации да го кажат својот негативен став по однос на овој процес за да Владата конечно да отпочне да се преиспитува во своите намери, но никако да се откаже од процесот, или истиот да ги подобри. Наместо да се повлече, Владата со секој ваков сомнителен маневар и уште поточно кажано несреќно избран одбранбен механизам целиот процес го искомплетира преку појава на безидејност, тотален правен вакум и недефинирани цели и очекувања. Сето тоа доведе до огромен сомнеж кај граѓаните во државата за искрените намери на оваа Влада. Ситуацијата да биде уште полоша, владините претставници како на пример министерот за финансии јавно ни кажа колкава е очекуваната вредност на овој енергетски гигант на Македонија, целосно обелоденувајки какви се идните очекувања во целиот приватизационен процес. Министерот јавно ни кажа дека не може да се надеваме на ништо повеќе од скромни 300 милиони евра за 51% од нашето најголемо богатство во моментов. Зарем има било каква смисла да се направи приватизација за оваа сума која речиси е еднаква на обртот што годишно се остварува во оваа компанија. Воедно ваквите изјави уште во самиот зародиш беа уништени идеите за целосна транспарентна и недискриминирана постапка во процесот на приватизација, затоа што кога некој ќе ви ја дефинира цената однапред, сите знаете што, колку треба да понудите. На крај, минситерот го достигна своето катастрофално фијаско и непознавање на работите во оваа сфера јавно произнесувајќи се дека средствата добиени од продажбата на АД. ЕСМ ќе се искористат за враќање на долговите на државата како и за консолидирање на платниот биланс на државата, наместо како што доликува на една земја во транзиција да ги намени тие средства во фондови за побрз економски растеж на државата, отварање на нови работни места, отпочнување на нов приватизационен циклус особено во делот на инфраструктурата и на крај да намени дел од овие средства за зајакнување на електроенергетска трговска мрежа која останува и понатаму во државна сопственост. Наместо сето ова, Владата ...

**Слободан Најдовски:** По втор пат сакам да ви укажам. Ќе преминете ли на точката на дневен ред, тоа е иницијативата за референдум и прашањето кое што е поставено.

**Илија Србиновски:** Вие не потпаѓајте под влијание на другите. Ако сте потпретседател, водете ја седницата како што треба. Оставете ме да дискутирам.

**Слободан Најдовски:** Јас ќе ве оставам да дискутирате по прашањето. По втор пат ве опоменувам. Третиот пат ќе ви го одземам зборот. Повелете, сега продолжете.

**Илија Србиновски:** И според тоа, ВМРО-ДПМНЕ одговорно тврди дека она што го нуди предложениот модел на продажба на АД ЕСМ за Република Македонија и за нејзините граѓани е замена на државен монопол со приватен. Второ, зголемување на цените на електричната енергија најмалку неколкукратно во следните неколку години. Трето, нова армија на невработени кои според многуте примери кои ги имаме во Македонија ќе останат на товар на државата во годините што доаѓаат. Четврто, распродажба на природните ресурси пред се на јагленот и нејзините водени ресурси, капацитети и акумулации на државата и нивен премин во приватни раце. Петто, уште поголема зависност на државата од увоз на електрична енергија заради немотивираност на странскиот инвеститор за капитални инвестиции и нови производни погони во енергетскиот сектор. Шесто, искористување до максимум на постоечките капацитети со максимизирање на профитот, нивното постепено напуштање, занемарување, или распродажба на трети лица. Седмо, едноставно кажано драстично губење и обезличување на енергетскиот суверенитет на државата. Значи, ако се знае дека енергетиката е основа за успешен економски развој на индустријата на една држава, распродажбата на АД. ЕСМ не води кон ништо друго, туку кон понатамошно осиромашување како на државата, така и на сите нејзини граѓани.

Почитувнаи пратеници, ВМРО-ДПМНЕ во повеќе наврати ги повтори своите заложби за транспарентен процес на приватизација на електроенергетскиот систем во Република Македонија преку примена на повеќе веќе видени и применети модели во различни земји во светот, а пред се во Европа и во останатите земји во транзиција. Притоа ВМРО-ДПМНЕ уште еднаш сака да нагласи дека овој процес е од суштинско значење за понатамошниот развој на нашата држава и дека од нашиот однос кон овој проблем во голема мера ќе зависи и иднината на нашата држава. Ние нагласуваме дека не е потребно да се прават експерименти во оваа област, особено кога имаме позитивни и негативни исксутва кај останатите електроенергетски системи во соседството и пошироко во Европа. Мудриот човек кажал дека е најубаво да се учи на туѓите грешки, а најболно на сопствените. Заради тоа да погледенеме што во оваа насока прават останатите земји како на пример Словенија која и покрај тоа што е извршена трансформација и реструктуирање на својот електроенергетски

систем во 1990 година и негова либерализација пред скоро 5 години сеуште не размислува за поголеми зафати во приватизацијата, а никако во правец на продажба на постоечките електроенергетски капацитети. Или пак на пример Хрватска која донесе закон за мораториум на приватизацијата на електроенергетскиот сектор се додека Хрватска не стане членка на Европската унија.

Преку нашите ПРЕС конференции како и преку соопштенијата во јавноста ВМРО-ДПМНЕ јасно и недвосмислено ја искажа својата подршка за продолжување на веќе отпочнатите процеси на трансформација и реструктуирање и приватизација во електроенергетскиот сектор, но никако според овој модел во вакви услови и според ваква забрзана и нетранспарентна процедура. Во оваа прилика уште еднаш би сакал да ги истакнам нашите основни забелешки кои пред се се однесуваат на непостоењето на сите потребни предуслови за успешна реализација на еден ваков сложен и значаен економски процес во Република Македонија во овој момент. За да бидат работите појасни ние уште еднаш потврдуваме дека пред се да се пристапи кон продажба на електроенергетскиот систем на државата потребно е да се остварат следните предуслови.

**Слободан Најдовски:** Господине Србиновски, сакам да ви укажам дека уште една реченица која нема да се однесува на иницијативата и да кажувате дали сте за оваа иницијатива, или не сте за оваа иницијатива, тогаш ви го одземам зборот. Три пати ве опоменав и кажав дека треба да зборувате, имате иницијатива за собирање на 150 илјади потписи за распишување на законодавен референдум. Или сте за таа иницијатива, или сте против, кажете го ставот и зборувајте за тоа. Вие воопшто не зборувате за тоа. Јас знам дека имате свој спремен говор, но ве молам да се придржуваме на работата по Деловникот. Преминете на иницијативата за собирање на 150 илјади потписи. Сте за таа иницијатива, или сте против.

**Илија Србиновски:** Јас кажав дека ВМРО-ДПМНЕ во целост го подржува легитимното право на граѓаните било како поединци, било како здружение во соодветни невладини, или политички здруженија јавно да го изразат своето незадоволство од начинот и процесот на приватизација кој го предлага Владата на Република Македонија. Јас незнам што да зборувам друго. Значи, ВМРО-ДПМНЕ како партија која произлегува од народот и која својата сила ја црпи од истиот тој народ во тој случај ќе мора да застане во одбрана на достоинството и правата на својот народ за подобра, квалитетна економска просперитетна иднина и да го подржи во неговата иницијатива за одржување на референдум. И ова ли не е во склоп на референдумот?

**Слободан Најдовски:** Дури сега преминавте на тоа после 15 минути. Тоа е така и така сакам да се работи во Собранието.

**Илија Србиновски:** Затоа сега сакам да кажам за овие иницијативи кои се точките. Значи, треба да се изготви една национална стратегија за развој на електроенергетскиот сектор во Република Македонија со која ќе се утврдат долгорочните стратешки прашања. Да се направи целосна анализа на сегашната состојба во Електростопанство на Македонија, да се утврдат предностите. Значи, почитуван претседателе, како што кажав, уште еднаш ви кажувам ВМРО-ДПМНЕ како партија ќе ја подржи оваа иницијатива за одржување на референдум. За референдум се знае кои се причините, која е целта ЕСМ на каков начин и како треба да се приватизира.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, јас мислам дека ситуацијата е многу посериозна од оваа што ја направивте во Парламентот, но во секој случај секој има свое право да си го искаже она што го мисли, или став на партијата. Но, тука имаме иницијатива од Здружение на граѓани за почитување на прописите. Ова како Здружение на граѓани, предлогот кој што доаѓа до нас пратенциите и до собраниските комисии во однос на преоценување на законот за преобразба на Електростопанство на Македонија, или поточно имаме иницијаjтива за собирање 150 илјади потписи на избирачи за распишување на законодавен дополнителен референдум за преоценување на законот за преобразба на Електростопанство на Македонија, АД за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост. Значи, нивниот претставник господинот Васко Костевски го предлага следниот текст за прашање за кое што се распишува законодавен дополнителен референдум, а тој гласи: дали сте за преоценување на законот за преобразба на Електростопанство на Македонија АД за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост. Така што приватизацијата на Електростопанство на Македонија АД за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија да не може да биде во поголем обем од 30% од неговата вкупна вредност заедно со делот во сопственост на вработените пред влегување на Македонија во Европската унија. Всушност ова е референдумското прашање за кое што ние треба денеска да се изјасниме. Слушајки го колегата пред мене, јас мислам дека оваа иницијатива е граѓанска, но испадна дека оваа иницијатива е на ВМРО-ДПМНЕ, барем по тоа што го слушавме, а ВМРО-ДПМНЕ имаше можност уште на 16.02.2005 година да се приклучи на иницијативата за ваков референдум каде што ќе се искажеа граѓаните на Република Македонија, значи тоа референдумско прашање за кое што споревме со потпретседателот на Собранието и што е единствено можно за проценка на законот за преобразба на Електростопанство на Македонија и тоа членот 7 кој што значи

приватизација на Електростопанство на Македонија. Сега со оваа иницијатива и со она што го добивме како извештаи од комисиите кои ја разгледуваа иницијативата, произлегува дека единственото можно врз кое што ќе можеме да донесеме заклучок, единствено можно врз кое што пратениците во Собранието на Република Македонија ќе можат да донесат одлука и ќе биде безпредметно собирањето на овие 150 илјади потписи, значи ќе имаме можност ние како Собрание и како законодавен дом да го распишеме овој референдум. Значи, таа е големата разлика на која што тогаш се приклучија пратениците и од Либералната партија и од Земјоделско Народната партија, која беше 16.02.2005 година. Денеска е веќе многу блиску 16 јули 2005 година. Значи од втори до седми месец поминаа пет месеци, цели 150 дена, таа седница не е завршена. Јас не би сакал да ги повторувам дискусиите кои што имав можност некаде на 15 мај тука пред вас да ги изнесам во траење повеќе од 40 минути, што значи приватизацијата на Електростопанство на Македонија, што во меѓувреме се случуваше за тоа, ќе се обидам само да потсетам некого. Но, во секој случај доколку тогаш се прифатеше сета оваа работа и доколку тогаш имавме можност како пратеници да го искажеме своето гласање, можеби до денеска тие и тој референдум за продажбата на Електростопанство на Македонија ќе беше распишано. Значи, оваа иницијатива на Здружението на граѓани за почитување на прописите до македонското Собрание е доставено на 15.04.2005 година, значи цели два месеци после она за кое кажавме овде, имаше веќе иницијатива за распишување на референдум. Во секој случај секоја граѓанска иницијатива е за поздравување и ние како ВМРО-Народна партија сигурно дека ќе ја подржиме целата процедура и ќе помогнеме во собирањето на потписите доколку тоа е можно.

Но, според она што законски вие го кажувте, а законот е тука пред се, мислам дека ќе биде многу тешко, затоа што во самото прашање имаме две прашања за кои што Собранието ќе треба да се искаже. Комисиите, за жал, се искажаа негативно. Но, и покрај тоа, кога ќе дојдеме во ситуација, треба сите заедно повторно да распишеме референдум и повторно сите заедно да одлучиме за судбината на ЕСМ.

Зошто го говорам сето тоа? После таа првична иницијатива за референдум што беше презентирана тука пред вас пратениците, мислам дека во ЕСМ се случија многу работи. Некои позитивни, некои негативни. Во секој случај промени кои што промени, можеби во старт, Владата не ги очекуваше и беше принудена на некој начин да интервенира. Тоа се однесува во однос на хидроцентралите и вкупниот пакет акции...

**Слободан Најдовски:** Господине Мавровски,

Ќе ве замолам, до сега дискутиравте за референдумското прашање и во ред е. Би ве замолил, со оглед на тоа што најавивте дека би дискутирале по промените, сепак да се вратите повторно на референдумското прашање. Така како што дискутиравте до сега и се државте точно до точката на дневен ред. Тоа е мојата молба.

Повелете продолжете.

**Спиро Мавровски:** Господине потпретседателе, мислам дека мојот говор не е пишуван. Ако имате нешто напишано, да го прочитам, не е проблем. Но, во секој случај мислам дека можам да го кажам моето мислење. Јас се задржувам стриктно на она што значи референдумско прашање. Го разгледувам од два аспекти, затоа што имаме две можности. Ќе го објаснам што е начинот и како би било ова, за да биде прифатено, за да не бидеме тие што собираат 150 илјади потписи, туку ние, како пратеници, како што го донесовме претходниот Закон, да донесеме исто така одлука со која што ќе распишеме референдум.

Сакам да помогнам и во таа смисла мислам дека ако ме следите ќе видите дека се е во контекст на ова што значи референдумско изјаснување на граѓаните и она што јас можам да го понудам.

**Слободан Најдовски:** Добро, повелете продолжете.

**Спиро Мавровски:** Во меѓувреме се случија промени, за кои што промени, сигурно, во месец април, господата кои ја поднесоа Иницијативата не беа ни свесни дека ќе се случуваат. Имаме повторно преобразба во ЕСМ. Хидроцентралите испаднаа, повторно имаме поделба на Дистрибуција и Централи, што е во тек, што ќе заврши некаде во септември. Повторно Владата ја промени концепцијата како мисли да го продава ЕСМ и дали воопшто ќе го продава, дали тоа ќе биде дел по дел. Значи, комплетно немаме ситуација во која што Владата генерално и дефинитивно ќе се изјасни дали ЕСМ, вакво какво што е, преобразено, ќе биде продавано дел по дел, ќе биде продавано 51%, ќе бидат продавани само Хидрелектраните, ќе биде продавана само Дистрибуцијата и тука имаме проблем. Тој проблем го гледам и во самото Барање на Здружението на граѓани за почитување на прописите, затоа што тие говорат 30% од вредноста на ЕСМ, да бидам попрецизен, во кои што ќе се вклучи, заедно со делот на сопственоста на вработените, пред влегувањето на Македонија во ЕУ.

Значи, делот на вработените сеуште е дел што не е дефиниран. И покрај тоа што во Законот за преобразба, во членот 7 се кажуваше дека дел од тие акции ќе бидат доделени на вработените во ЕСМ и тоа до 10%, таква одлука сеуште нема, ниту од Владата, ниту од ова Собрание тука, за да можат вработените да знаат колкав е тој дел, затоа што до сега говоревме само за книговодствени вредности што се многу помали, како што кажавте, од реалната вредност.

Значи, вредноста на тие 10% воопшто не дознавме колкава е. Така што, уште во старт имаме проблем со оваа иницијатива.

Се додека овие работи не се расчистат, се додека Владата не расчисти по однос на тоа што ќе значи продажба, затоа што сигурно од првобитниот став на кој што и ние реагиравме, реагира и Здружението, Владата има ретерирано. Тоа значи дека е време, повторно премиерот или не знам кој, министерот за економија, за кого се сомневам колку е во тек со сите работи, како ги обавува работите, мислам дека е време да излезе тука пред ова Собрание и да ги каже последните завршни ставови, дали ЕСМ, т.е. Владата на Република Македонија е во состојба и има начин сето ова да го регулира и да најде начин каква ќе биде продажбата и врз основа на сето тоа, ние, како пратеници, да ја донесеме одлуката дали за ова референдумско изјаснување на Здружението на граѓани, или пак за Иницијативата, за која што веќе чекам повеќе од пет месеци. Сигурно дека до годишните одмори претседателот, претпоставувам, дека нема ни да ја постави на дневен ред, значи има неколку седници што не се завршени. Зошто е така, најдобро тој знае. И, тоа прашање до граѓаните, т.е. за референдумско изјаснување до вас колеги пратеници, каде што се запазени сите законски норми и нормативи, врз основа на што и комисиите и ЗПК и сите кои треба да донесат одлука се искажаа позитивно, освен Владата.

Референдумското прашање гласеше: "Дали сте за спроведување на  одредбите од Законот за преобразба на ЕСМ, АД за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост, што се однесуваат на приватизација преку продажба на ЕСМ АД за производство, дистрибуција и снабдување со електрична енергија во државна сопственост и или друштвата основани од него".

Во меѓувреме се основаа нови друштва, се основаат уште повеќе друштва, но одлука сеуште нема. Одлуките, сега како што мислам дека и тогаш, сем овој член 7, за што требаше да се донесе одлука од Собранието на Република Македонија, ги носи Владата и ги носи ЕСМ, каде што Владата е директен сопственик, јас и тогаш кажав и сега повторно ќе кажам дека ние требавме само во делот каде што требаше да се направи приватизацијата и токму тој дел е спорен. Тоа е членот 7. Значи со еден член во тој Закон за преобразба, се другото не беше спорно и не мораше тука пред нас во Собранието, пред пратениците, тоа можеше да си го донесе ЕСМ и мирно да си продолжи понатаму.

Но, ние како Собрание, бевме должни да го донесеме тој Закон и да ја кажеме транспарентноста во однос на она што значи продажба на ЕСМ. Донесовме тука таква одлука, т.е. го донесовме Законот за преобразба и сега, поради она што значи СДС е секогаш принципиелен во својата непринципиелност, доаѓаме до ситуација повторно да имаме промени, повторно да имаме уште 10 нови претпријатија. И тука јас ја гледам принципиелноста, затоа што во старт не сме знаеле што сакаме, како ќе се одвиваат работите. Но, заради брзање, заради близината на ЕУ, топлината од вратата, ние донесовме Закон, кој што Закон сега ќе треба повторно да го менуваме. Како што менувавме пред малку еден, па уште еден и уште многу такви, и со тоа не да се доближуваме, туку се оддалечуваме од ЕУ, дефинитивно. Луѓето знаат  што и како. И без референдуми самите одлучуваат. Додека не стигнеме до ЕУ, што е цел на многу други држави кои се, од прилика, како нас, но тие се врзуваат со токму тоа, влегување во ЕУ, а ние се врзуваме со исполнување на услови, со кои што ќе бидеме поблиску до ЕУ, а не значи дека ќе бидеме и во неа.

Тука е нашиот основен проблем, што нон стоп нешто исполнуваме, не знаејќи што и не знаејќи како. Затоа, уште еднаш како Иницијатива на Здружение на граѓани за почитување на прописите, мислам дека ако бевме во некоја координација, дека сето тоа не ќе можеше комисиската расправа да дојде во ситуација да ги одбие овие барања на господата од Здружението. Во секој случај, тие ја имаат мојата поддршка. Јас очекувам претседателот, во најскоро време, да ја постави на дневен ред седницата што е прекината и каде што вие, како пратеници, имате можност да се искажете по она што значеше Иницијатива за распишување референдум во Република Македонија за да ги спасиме тие средства што ќе требаат за собирање на 150 илјади потписи и начинот на кој што ќе ги собереме ќе бидат токму преку нас, пратениците и нашето искажување за таквата состојба.

Уште еднаш ги повикувам колегите од ВМРО-ДПМНЕ да се приклучат кон таа Иницијатива и заедно, како опозиција да го направиме сето тоа и да овозможиме тој референдум да искаже дека во овој момент, комплетната македонска јавност сигурно ќе застане на страната за распишување на тој референдум и претпоставувам дека ќе биде поврзано со влегувањето во ЕУ за која што господата од владеачката коалиција многу скоро ни ја ветуваат и да се надеваме сите заедно дека ќе живееме многу посреќно.Нема да ни се случуваат овие ситуации, затоа што три години веќе не сте мрднале во однос на далекуводот што требаше да биде готов до сега, за кој што говоревме претходно. За кредитите, сега ќе имаме проблем со соседна Србија и Црна Гора. Утре ќе имаме проблем со соседна Грција, се додека не почнеме да функционираме како што треба да функционира една држава во ЕУ. Ние тоа, во моментот, не сме.

Затоа, ќе ве замолам, што побрзо да се завршат сите преобразби, да се заврши целото реструктуирање, да излезе министерот или премиерот тука, пред нас пратениците и да ја каже насоката каде се движи Владата во однос на ЕСМ. Транспарентноста ја гледам токму така, да проговориме сите тука заедно, да дадеме и ние, како опозиција, за ова што го кажуваше колегата пред мене, насоките на сите опозициони партии, кон што и како треба да се движиме и

стручната јавност, на крајот на краиштата да го каже последниот збор, да видиме што е најдобро. Затоа што ова е дело за нешто што не не тангира само нас тука, туку ќе биде важно за многу години нанапред, за развојот на Републка Македонија и, да не даде Господ, за застој во енергетскиот сектор кој што се пофеќе е видлив. За жал, реакциите се многу мизерни, да не кажам некој потежок збор, затоа што цело време само си ветуваме нешто дека ќе почнеме, ќе биде денес, ќе биде утре, но тешко ни е почнувањето.

Од тука, уште еднаш повикувам дека треба јавност и транспарентност. А, вие, како пратеници, ќе ве повикам, мислам дека претседателот многу скоро ќе ја закаже таа седница, по поминати пет месеци, да го дадете својот глас и да ги заштедиме граѓаните на овие топлини за собирање на овие 150 илјади потписи и трошењето на многу средства за кои што кажавте и да го распишеме референдумот. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Три минути реплика за пратеникот Макрадули Јани.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Ќе се согласам со неколку делови, а тоа е дека заради тајмингот во кој што се наоѓа оваа Иницијатива и активностите што се преземени во рамки и на Министерството за економија и на Владата и ЕСМ, направени се низа активности што практично овој Закон, тука што го имаме и Иницијативата за преоценување на овој Закон ја губи смислата, е безпредметна.

Ќе се согласам и со тоа дека граѓаните сами одлучуваат и треба да одлучуваат. Затоа, некои на избори не можат да стигнат ни до вториот круг, кога се кандидираат за нешто. Граѓаните ценат кој како се залага и што прави.

**Слободан Најдовски:** Реплицирајте господине Макрадули на дискусијата.

**Јани Макрадули:** А дали пратеникот Спиро Мавровски ќе поднесе закон да не влезе тој во ЕУ, а цела Македонија да, очекувам и тоа да го слушнам од него, бидејќи цело време апелира на тоа. Не е добро кога го потценуваме целот овој пат и заложбите на 97% од граѓаните на Република Македонија. Многу напор вложуваат и вработените во администрацијата и политичките партии, но не е одговорно од страна на опозицијата постојано да се фрла некоја анатема дека таму кој знае што ќе ни се случи или што правиме на тој пат.

Патот кон ЕУ не е право и привелегија, туку е и обврска за задачите што треба да ги исполниме, па затоа да не правиме некои популистички потези поради што би се каеле па после да се демантираме самите себе кога ќе дојдеме.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Макрадули.

Повелете господине Мавровски една минута контра реплика.

**Спиро Мавровски:** Добро, прв пат господинот Макрадули се согласува со неколку делови и веднаш после тоа следи нападот и тоа личен.

Но, јас, гордо пред граѓаните ќе кажам дека јас имав 10 илјади гласа. Некој тука влезе со 1400 гласови и нема страм денеска да биде координатор на пратеничката група на СДС. Тоа е ваше и вие од тоа не можете да бегате. Ако мислите дека сте толку популарни, ако мислите дека толку сте популарни, ќе покаже времето.

Не се кријам зад 18 партии. Излегувам сам и секогаш ќе излегувам каде што треба. А, кој колку е популарен, ќе кажат некои други.

(Дофрлање од место).

Ќе ве молам, ако сакате господине потпретседателе, господине потпретседателе ќе ве молам.

**Слободан Најдовски:** Ве молам, ве молам без меѓусебни дијалози.

А, вие, концентрирајте се на она што беше реплицирано.

Повелете. Имате уште 7 секунди, бидејќи ви ги одзедов.

**Спиро Мавровски:** Благодарам. Јас мислам дека реплицирам на тоа што беше реплицирано.

А, во однос на ЕУ, конечно чекам и побрзо од вас да стигнеме до неа. Но, сигурно не со вас.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Ако одиме, ќе одиме сите заедно.

Тома Глигоријевски има збор.

Повелете госодине Глигоријевски.

**Тома Глигоријевски:** Благодарам господине потпретседател.

И на минатата расправа за Иницијативата за покренување на референдум, поднесена од пратеникот Спиро Мавровски го изнесов својот став дека референдум по прашање на приватизација на ЕСМ не ни е потребен. Дека таа одлука, со сета своја одговорност, треба да ја донесе Владата на Република Македонија. Сега, исто така го задржувам тој став, па затоа сум против и оваа Иницијатива.

Меѓутоа, против ваквата Иницијатива сум и од втора причина, под претпоставка и да грешам во она што го кажав претходно, дека еве, можеби по тоа прашање треба да има референдум, многу подобро е да тој референдум биде организиран подобро и со некое посоодвено прашање отколку ова како што е поднесено од Здружението на граѓани за почитување на прописи.

Не знам колку е јако Здружението на граѓаните за почитување на прописи, меѓутоа, прво ако е Здружение на граѓани за почитување на прописи, фактички прво тие не ги почитуваат прописите. Мене ми личи како оваа Иницијатива, да кажеме, некое здружение - мајка од Куманово, кое се

грижи за жените и за децата, да поднесе иницијатива за преоценување, на пример, на Законот за градба што го донесовме или некое друго здружение што се грижи за културно наследство да поднесе закон за преоценување на урбанистички планови и тн.

Бидејќи и јас мислам дека е ова политички маркетинг на ВМРО-ДПМНЕ во текот на април и мај кога расправавме за приватизацијата на ЕСМ, очекував, како што се прикажува за јака опизициона партија да барем некое појако здружение најдоа и некое појако здружение да поднесеше иницијатива за вакво важно прашање, а не Здружение за почитување на прописите.

Имено, самото прашање што вметнува и определба "дали сте за приватизација со 30%", не знам од каде им е дојден податокот и врз база на кои аргументи го формулирале баш до 30%, зошто да не е 25% или 35% или 45% и колку тој процент е воопшто битен за приватизација на ЕСМ? Многу е поважно тоа што Владата, после сето укажување на научната и стручна јавност оцени дека треба уште малку време да го преиспита својот став пред да ја донесе конечната одлука.

Прифаќањето на ваквото прашање, прифаќањето на оваа Иницијатива, прифаќањето на ваков рефереднум само би одложило некој друг рефередум, евентуален, некој посаглам рефередум. Значи и покрај моето несогласување воопшто со референдум и ако има референдум, тогаш сигурно не би требало да се организира по оваа иницијатива и по ваква формулирано прашање.Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господиен Глигоријевски.

Госпоѓо Бонева имате реплика или дискусија?

Три минути реплика за госпоѓа Бонева Силвана.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуван колега,

Срамно е потценувачки да се однесувате кон иницијативите на граѓаните доставени до Собранието на Република Македонија преку Здружението на граѓани. А, ВМРО-ДПМНЕ секојдневно, јавно ги искажува своите ставови во врска со трансформацијата на АД ЕСМ и нема воопшто потреба да се крие зад граѓанските здруженија во Република Македонија кои што апсолутно, исто размислуваат како што размислуваат сите граѓани во државата во однос на трансформацијата, нетранспарентната трансформација на ЕСМ што се заговара.

Благодрам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Ве молам, додека го читам заклучокот, ги повикувам колегите пратеници да влезат во салата.

Прво, Собранието на Република Македонија утврди дека иницијативата за собирање на 150.000 потписи на избирачи за распишување на законодавен, дополнителен референдум за преоценување на Законот за преобразба на Елекстростопанството на Македонија АД за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост, покрената од Здружението на граѓани за почитување на прописите - Битола е неуредна според член 3 од Законот за постапката за собирање потписи на избирачи за предлагање за донесување закон за распишување на референдум и за поднесување Предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија, како и според членовите 5 и 15 од Законот за референдум и граѓанска иницијатива, бидејќи поставеното прашање не може да биде предмет на законодавен дополнителен референдум.

Овој заклучок заедно со мислењата на Законодавно правната комисија и Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, да се достави до Здружението на граѓани за почитување на прописите-Битола.

Ве молам за тишина.

Пред да го ставам заклучокот на гласање, молам службите да го утврдат точниот број.

(службите го утврдуваат бројот на пратениците)

Нема доволен број.

Уште еднаш ги повикувам пратениците кои се во просториите на Собранието да влезат во салата.

(во 17,30 часот со седницата продолжи да раководи претседателот на Собранието на Република Македонија )

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Во салата се присутни 59 пратеници, ги молам тие двајца кои се, како суво злато, потребни нека дојдат.

Сега се присутни 62 пратеника.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 52 гласале за, 2 воздржани, 7 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

Господа пратеници ја прекинувам 101-та седница на Собранието на Република Македонија, а ќе продолжиме со 99-тата седница, тука е претставникот господинот Марјан Ѓорчев како предлагач на Информацијата.

(Седницата прекина со работа 17,36 часот)